# Оценка на капацитетите на Ромските информативни центри за пружање бесплатна правна помош на ромската заедница

Доналд Бисон
Правен консултант
Скопје
октомври, 2010

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
**Spillover Monitor Mission to Skopje**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

# Содржина


**I. Вовед** ... 3

**II. Извршно резиме** ... 4

**III. Наоди** ... 8

а. Ромски информативни центри ... 8

б. Меѓусебен однос помеѓу РИЦ-овите и невладините организации домаќини ... 11

в. Вработените во РИЦ-овите и пружање правна помош ... 14

г. Закон за бесплатна правна помош ... 20

д. Закон за борба против дискриминацијата ... 22

ѓ. Останати кои обезбедуваат правна помош за ромското население ... 23

**IV. План и програма и обука** ... 25

**а. Историјат** ... 25

**б. Теми кои треба да бидат опфатени** ... 27

**в. План и програма за обука** ... 30

**1. Раководење со предмети** ... 30

**2. Едукација** ... 31

**3. Вработување** ... 32

**4. Здравствена грижа** ... 33

**5. Право на социјални услуги** ... 34

**6. Домување** ... 34

**7. Обезбедување лична документација** ... 35

**8. Закон за борба против дискриминација** ... 36

Прилози ... 38

Прилог 1 ... 39

Прилог 2 ... 41

Прилог 4 ... 48

Прилог 5 ... 50

**Оценка на капацитетите на Ромските информативни центри за пружање бесплатна правна помош на ромската заедница**

## I. Вовед

На Одделот за владеење на правото при Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје (НМОС) му беа потребни услугите на еден искусен меѓународен консултант, за да спроведе детална анализа и оценка на потребите за подобрување на капацитетите и способноста на Ромските информативни центри (РИЦ) за пружање правна помош и да препорача план и програма, за понатамошна обука на вработените во РИЦ-овите. За спроведувањето на ваквата анализа, беше избран правниот консултант Доналд Бисон. Оваа оценка, претставува само еден дел од Проектот на НМОС за пристап до правна помош и информирање на ромската заедница.

Согласно проектниот предлог, конкретните цели за оценката беа следниве:

- Утврдување на предизвиците, со кои се соочуваат РИЦ-овите, во однос на обезбедувањето солидни и прецизни, основни правни и технички совети за целната група во рамки на заедницата, преку анализа на моменталните и препорачаните капацитети и можности на РИЦ-овите, од аспект на човечките ресурси, потреби за дополнителна обука, како и финансиските и логистички ресурси, за обезбедување соодветни правни и технички совети.

- Разгледување на сите прашања, поврзани со координацијата на работењето со невладините организации, во рамки на кои се сместени и функционираат РИЦ-овите, како и со други организации, кои се овластени за обезбедување бесплатна правна помош.

- Извршената анализа и оценка, треба да даде јасна слика, за бројот и тежината на предметите по кои постапуваат РИЦ-овите, во сферата на правната и техничката помош, наменети за ромската заедница.

- Со оценката треба да се идентификува и улогата на РИЦ-овите по усвојувањето на Законот за бесплатна правна помош, како и сите евентуални области на можни спорови, кои би можеле да се јават, во однос на останатите понудувачи на правна помош и можните последици од истите.

Како дел од севкупната оценка, НМОС организираше теренска посета во периодот од 13 до 24 септември 2010 година. За време на оваа посета, консултантот се сретна со вработените во РИЦ-овите, со релевантните претставници од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), претставници од локалната самоуправа, центрите за социјална работа (ЦСР), агенции за вработување, релевантни меѓународни и домашни организации, претставници од ромската заедница и лица, вработени во Одделот за владеење на правото во рамки на НМОС[1]. (Погледнете го Прилогот 1, во кој е даден преглед на одржаните средби во текот на теренската посета).

---

[1] За жал, консултантот не успеа да организира состанок со РИЦ-от во Гостивар, односно со невладината организација, во рамки на која истиот функционира. Не беа одржани ниту средби со Министерството за

Консултантот ја користи оваа прилика, да се заблагодари на Министерството за труд и социјална политика, како и на другите претставници од државните институции, меѓународни организации, граѓанското општество и вработените во РИЦ-овите, за одвоеното време за средбите со консултантот. Консултантот ја изразува својата благодарност и до Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, за целокупната помош во текот на посетата. (Погледнете го Прилогот 1 - програмата за теренската посета).

## II. Извршно резиме

Ромските информативни центри (РИЦ) беа воспоставени од страна на МТСП, во месец март 2007 година. Нивното основање беше во контекст на владиниот акционен план за "Декадата за вклучување на Ромите, за периодот 2005-2015 година", како дел од националните напори за воспоставување подобри врски, помеѓу ромската заедница и органите на државната власт.

Постојат осум РИЦ-ови, распоредени низ целата земја и тоа во Тетово, Гостивар, Куманово, Битола, Прилеп, Делчево, Штип и Скопје. Тие беа воспоставени во рамки на веќе постоечки невладини организации, кои работат на теми и прашања поврзани со правата на Ромите. Логиката зад ваквиот потег, односно функционирањето на РИЦ-овите, како дел од НВО-ата, е во тоа, што невладините организации, биле веќе етаблирани и активни во рамки на самите локални заедници, а исто така и познати на локалните власти и државните органи. Меморандумите за разбирање, потпишани помеѓу МТСП и НВО-ата, предвидуваат дека МТСП ќе ги надоместува трошоците за платите на вработените во РИЦ-овите, додека невладината организација ги покрива сите останати административни трошоци.[2]

Како дел од своите активности, Ромските информативни центри, сé повеќе се бават со одредени прашања, кои ја вклучуваат и потребата за обезбедување елементарна правна помош. Во најголем број случаи, ваквата неопходна основна правна помош, ја обезбедуваат без вистински пристап до правен совет од правник или адвокат и без разлика на фактот, што вработените во РИЦ-овите немаат никаква формална правна наобразба. И покрај ваквите недостатоци, општо земено, РИЦ-овите и сега обезбедуваат елементарни правни совети и помош на доволно стручен начин.[3]

Сите соговорници, со кои разговаравме во текот на посетата, ја потенцираа потребата од адвокати, кои би работеле во РИЦ-овите. Сепак, ваквата потреба не успеваа да ја објаснат на конкретен и директен начин, ниту пак да ја подржат со одредени

---

правда и Адвокатската комора, затоа што овие институции не одговорија на нашите неколкукратни барања за одржување на таквите состаноци.

[2] Тука се вклучени трошоците за плаќање кирија за изнајмениот канцелариски простор, телефон, интернет пристап и фотокопирање.

[3] Овој заклучок е изведен по разгледувањето на неколку од нивните годишни и полугодишни извештаи, потоа, како резултат на дискусиите со сите соговорници за време на посетата, анализата на документите кои се изготвуваат во РИЦ-овите и разговорите водени со различните претставници од ромската заедница.

статистички податоци, на пример, во однос на бројот на клиенти на кои им било потребно правно застапување. По дополнителните разговори со вработените лица во РИЦ-овите, стана јасно, дека и покрај постоењето на реална потреба за пристап до соодветен стручен правник, сепак не постои вистинска потреба за вработување на адвокати со полно работно време во секој од РИЦ-овите.[4] Во моментов, некои од РИЦ-овите имаат пристап и користат услуги од одредени адвокати, а некои други не, што во најголема мерка зависи од ресурсите, кои се на располагање на НВО-то домаќин.

Неопходноста од правна помош, покрај онаа, која веќе ја нудат РИЦ-овите, може да биде задоволена преку обезбедување адвокат, кој би бил на располагање за консултации и преку воспоставување на систем, заснован врз тековниот проект на НМОС, имплементиран од страна на Здружението за правата на Ромите (ЗПР), каде адвокатот е на располагање во текот на работното време за потребите на Ромската заедница, во одредени денови и одредено време во неделата, а исто така и во случај на итни потреби.[5] Доколку МТСП биде успешно, во своето барање до Институтот Отворено општество во Будимпешта, за финансирање на дополнително ангажирани адвокати за потребите на РИЦ-овите, тогаш истите би можеле да се искористат на истиот начин, на кој сега работат оние, во рамки на Проектот за мобилни бесплатни правни услуги.

Иако, вработените во РИЦ-овите си ја вршат добро својата работа, во однос на обезбедувањето елементарна правна помош, за нив би била корисна и дополнителна обука врз практична основа, за правни и законски прашања, поврзани со теми со кои се соочуваат на секојдневна основа. Таквите теми го вклучуваат образованието, здравствената грижа, домувањето, социјалната грижа, вработувањето и дискриминацијата. Целта на таквата обука, треба да биде зајакнување на основните правни познавања на вработените и обезбедување корисни материјали за нив, кои ќе можат да ги употребат во текот на својата работа. Треба да се спроведе и обука за раководење со предмети, а соодветниот систем треба да биде стандардизиран и усогласен за сите РИЦ-ови.

На прв поглед, се чини дека новиот закон за бесплатна правна помош, е решение за прашањето за бесплатната правна помош за ромската заедница. Имајќи предвид, дека најголемиот број клиенти во РИЦ-овите се квалификуваат за социјална помош, се претпоставуваше дека тие автоматски би се квалификувале и за добивање бесплатна правна помош, согласно новиот закон. Меѓутоа, според правните експерти и невладиите организации, кои беа консултирани, најголемиот број Роми, сепак, нема да ги задоволат предвидените критериуми, поради ниската финансиска граница на приходи или имот, дефинирана во законот. За жал, имајќи предвид дека Министерството за правда и Адвокатската комора не одговорија на нашите молби за одржување состанок, каде би се разговарало за спроведувањето на законот, не постои

[4] Не успеавме да создадеме вистинска слика за реалниот обем и оптоварување на РИЦ-овите со правни случаи, за кои има потреба од адвокатска помош, како што тоа беше предвидено во описот на задачите и очекуваните резултати, поради недостаток на таквите податоци и конкретни информации во РИЦ-овите.
[5] Ова се однесува на таканаречениот Проект за мобилни бесплатни правни услуги.

можност да се даде дефинитивна оценка за можните ефекти на новиот закон и неговите одредби, врз пружањето правна помош на Ромската заедница или врз работата на РИЦ-овите.[6]

Сите национални експерти се согласни во тврдењето, дека вистинскиот ефект од законот, нема да биде познат, сé додека Министерството за правда не започне со неговата имплементација и сé додека луѓето не започнат со поднесување конкретни барања за помош. Како и да е, начинот, на кој тие ги читаат и толкуваат Членовите 12-14 од новиот закон, укажува на фактот, дека бројот на граѓани, што ќе се квалификуваат за бесплатна правна помош, ќе биде многу мал.[7] Делот на законот, кој се однесува на пружањето бесплатна правна помош од страна на невладините организации, исто така, е премногу рестриктивен и истиот ќе им оневозможи на РИЦ-овите да се регистрираат во Министерството за правда, како задруженија, кои би можеле да пружаат таква правна помош согласно законот.[8] Во законот не постои ништо, што би можело да ги спречи РИЦ-овите да ангажираат адвокати за работа на конкретни случаи, или што би го спречило создавањето на еден национален систем за пружање правна помош, поврзан со РИЦ-овите, со цел, да се обезбеди соодветна правна помош и за ромското население.

Вработените лица во РИЦ-овите имаат различни нивоа на образование и претходни искуства. Ресурсите на располагање на секој од РИЦ-овите се различни, во зависност од НВО-то, во рамки на кое истите функционираат. Некои од невладините организации во чии рамки работат РИЦ-овите, поседуваат доволно ресурси, обезбедени преку имплементација на други проекти, кои се користат и за покривање на тековните и административните трошоци за функционирањето на РИЦ-овите, додека во останатите, РИЦ-овите се всушност единствениот проект во кој се вклучени самите НВО-а и затоа, тие имаат големи потешкотии со обезбедувањето финансиски средства, за покривање на административните трошоци на РИЦ-овите. Во зависност од расположивите ресурси на невладината организација домаќин, некои од РИЦ-овите имаат посебна канцеларија во рамки на НВО-то, додека пак другите ги делат канцелариите со вработените и активистите на НВО-ата.

---

[6] НМОС во моментов, работи на имплементацијата на еден проект, преку кој треба да се утврдат ефектите од новиот закон и евентуалниот број на потенцијални корисници, кои би извлекле полза од истиот, но, за жал, тој извештај не беше на располагање во моментот на изготвување и пишување на оваа оценка. Можеби ќе биде потребно, некои од препораките содржани во овој документ, да бидат корегирани, согласно заклучоците од претходно споменатиот исвештај. Вредно е да се напомене, дека се работи за тема од интерес за повеќе различни организации, кои се вклучени во сферата на обезбедување бесплатна правна помош. На пример, МЗМП веќе работи на една слична студија.

[7] Согласно законот, долната финансиска граница е поставена толку ниско, што дури и најголемиот број Роми, нема да можат да се квалификуваат за таквата помош. Исто така, законот беше опишан и како премногу бирократски и рестриктивен, во однос на самата постапка за пријавување за бесплатна правна помош, како и во однос на тоа, кој всушност ќе може да ја пружа таквата помош.

[8] Согласно Законот, секое НВО, која сака да пружа бесплатна правна помош, мора да има постојано вработен правник, со полно работно време и осигурување. До моментот на изготвување на оваа оценка, ниту една НВО се нема пријавено во Министерството за правда, со цел, да биде вклучена на списокот на овластени организации за пружање правна помош. Погледнете го Членот 17.

Ваквиот диспаритет би се елиминирал, доколку МТСП обезбеди финансиски средства во рамки на буџетот за следната година, за префрлање на пет од постојните РИЦ-ови вон невладините организации, односно во нови посебни канцеларии, при што МТСП би ги покривало целокупните трошоци за нивното функционирање.[9] Тоа на РИЦ-овите ќе им обезбеди сопствен идентитет и препознатливост и ќе го реши проблемот на досегашното мешање на работењето и задолженијата, помеѓу НВО-ата и РИЦ-овите. Било каква евентуална релокација на РИЦ-овите, мора да биде направена на стратешки начин, земајќи ги предвид постоечките ресурси на сегашните НВО-а домаќини и меѓусебниот однос помеѓу РИЦ-овите и НВО-ата. МТСП се обидува да обезбеди дополнителни средства, за отворање нови РИЦ-ови следната година, од кои, најмалку еден, би бил лоциран во Скопје.

МТСП, исто така, има обезбедено финансиски средства за вработување на уште по две нови лица во секој РИЦ. Сегашниот план, предвидува вработување на по двајца "правни асистенти" во секој од РИЦ-овите. Врз основа на посетата за оценка, јасно е дека за некој од РИЦ-овите, зголемувањето на бројот на вработени ќе биде корисно. Меѓутоа, помалку е јасно, дали навистина се потребни по двајца правни асистенти. Секој РИЦ може да извлече полза од еден правен асистент. МТСП би можело да размисли за можноста, останатите средства да се искористат за вработување дополнителни лица во РИЦ-овите, со претходни искуства во социјалната работа и во заедницата. Треба да се обрне поголемо внимание и нововработените лица, во најголема мерка, да се концентрираат во РИЦ-овите, кои се лоцирани во регионите, каде има најголем број ромско население и каде нивните потреби се најголеми.

На РИЦ-овите би им користела обука за раководење со предмети и имплементација на стандардизиран систем за раководење со предмети, вклучувајќи и развој и изработка на стандардизиран образец за земање првични информации.[10] На тој начин, работата на РИЦ-овите ќе стане поефикасна и поефективна. Исто така, тоа ќе овозможи собирање податоци за вкупниот број случаи по кои е постапувано, времето потребно за нивно разрешување, бројот на тековни предмети, бројот на успешно решени предмети итн. Ваквите податоци се од клучна важност, при вршењето на било каква евалуација или оценка на работењето на РИЦ-овите. Истото е од клучна важност и за МТСР, за да биде во можност да го оправда континуираното и идно функционирање на РИЦ-овите.

Општо земено, РИЦ-овите се докажаа како вредна алатка во помагањето на интеракцијата на ромското население со владините институции и помошта, која се пружа за исполнување на нивните права. Сите соговорници беа согласни во заклучокот, дека преку РИЦ-овите, сега на Ромите им е олеснета комуникацијата со институциите на системот и дека можат полесно да ги остваруваат правата, кои им се загарантирани преку македонските закони и меѓународните правни инструменти. Во

[9] Тоа ќе биде успешно, само доколку МТСП во целост ја финансира релокацијата на Ромските информативни центри и притоа ги покрие трошоците за неопходната компјутерска опрема, пристап до интернет, разумен канцелариски простор, телефонски сметки итн.

[10] Без разлика, каков систем за раководење со предмети ќе се користи, тој, во најмала рака, мора да обезбеди евидентирање и водење на поединечни досиеја, за сите воспоставени контакти или посети и клиенти.

моментов тие обезбедуваат елементарна правна помош и тоа го прават воглавно на компетентен начин, но, сепак би им користела дополнителна обука, во врска со основите правни прашања. Доколку РИЦ-овите бидат соодветно финансирани и подржани од Владата, тие можат да ја подобрат и прошират својата активност во иднина.

## III. Наоди

### а. Ромски информативни центри

Ромските информативни центри (РИЦ) функционираат од месец март 2007 година, а нивното основање беше во контекст на владиниот акционен план за "Декадата за вклучување на Ромите, за периодот 2005-2015 година" и како дел од националните напори за воспоставување на подобри врски, помеѓу ромската заедница и органите на државната власт. Има осум РИЦ-ови, распоредени низ целата земја и тоа во Тетово, Гостивар, Куманово, Битола, Прилеп, Делчево, Штип и Скопје.

Тие се воспоставени во рамки на веќе постоечки невладини организации, кои работеле на теми и прашања поврзани со правата на Ромите. Логиката зад ваквиот потег, односно функционирањето на РИЦ-овите како дел од НВО-ата за правата на Ромите, е во тоа, што невладините организации биле веќе етаблирани и активни во рамки на самите локални заедници и познати на локалните власти и државни органи, што би требало да ја олесни нивната работа. Меморандумите за разбирање, потпишани помеѓу МТСП и НВО-ата, предвидуваат дека МТСП ќе ги надоместува трошоците за платите на вработените во РИЦ-овите, додека невладината организација ги покрива сите административни трошоци, во својство на домаќин на РИЦ-от.

Како резултат на ваквата поставеност, РИЦ-овите постојат само на хартија, а имајќи предвид дека се сметаат само како продолжена рака на невладините организации во рамки на кои функционираат, немаат посебно признат идентитет меѓу ромското население. Истите се состојат од двајца вработени од МТСП, кои ги делат ресурсите, кои им стојат на располагање на невладините организации. Немаат пристап до други ресурси за потребите на вршењето на своите должности, што значи, дека во основа се зависни од НВО-то, во чии рамки функционираат.

Работата во РИЦ-овите не се одвива согласно некои конкретни упатства, за тоа, на кој начин треба да се организира нивната деловна евиденција и каков вид документација треба да се обезбеди и чува во однос на било кој клиент, кој им се обратил за помош. Поради тоа, во РИЦ-овите можат да се забележат најразлични методи на водење евиденција и раководење со предметите. Меѓутоа, ниту еден од тековните методи, кои се користат во моментов, не обезбедува соодветен и брз пристап до информациите содржани во евиденцијата, на ефикасен и ефективен начин.

Воведувањето на соодветно раководење со предметите, ќе биде корисно како за РИЦ-овите, така и за клиентите, а тоа би било и исклучително важно, кога се работи за правни прашања, за кои е потребна соодветна документација. За клиентите ќе биде одлично доколку сите нивни документи и останата евиденција се водат и чуваат на едно место, со лесен пристап до истите, при нивната посета на РИЦ-от.

Користа за РИЦ-овите ќе биде во тоа, што сите предмети ќе им бидат лесно достапни и соодветно организирани, што ќе овозможи собирање на неопходните податоци за прикажување на една попрецизна слика за услугите кои се нудат и за исходот на секој поединечен предмет. Употребувајќи ги таквите податоци, РИЦ-овите ќе можат подобро да го оправдаат своето постоење пред МТСП, додека пак МТСП ќе може да го оправда продолжителното финансирање на РИЦ-овите. Соодветното раководење со предметите, овозможува и понатамошно следење на ситуацијата во однос на поединечни клиенти, кога за тоа има потреба, како и полесно следење и запазување на предвидените законски рокови, во секој поединечен предмет.

**Локации на Ромските информативни центри и број на вкупно и ромско население – Процентуално учество на Ромите во вкупното население**




**"Баирска светлина" – Битола**
Тел: 047/241-694
Јорго Костовски бб, Битола
Претседател: Ремзи Медик
E-mail: bairskasvetlina@yahoo.com

**ХДЗР Месечина - Гостивар**
Тел: 042/222–271
Факс: 042/222–272
Браќа Ѓиноски 61
Претседател: Рамазан Пини; Точи Мухамед
E-mail: mesecina@mt.net.mk

**АНЕР "Ромска солза" – Прилеп**
Тел: 048/428-417
Факс: 048/428-471
Дабничка Бр. 53 Прилеп
Претседател: Бедихан Фератовска
E-mail: romskasolza@mt.net.mk

**Здружение за правата на Ромите - Штип**
Тел: 032/380-517
Факс: 032/391-517
Борко Талев 48
Претседател: Сенај Османов
E-mail: arrp@mt.net.mk

**ХДЗР "Кхам" – Делчево**
Тел: 033/413-695
Факс: 033/413-105
М.М.Брицо 17, Делчево
Претседател: Зекир Абдулов
E-mail: kham@sonet.com.mk

**ЦЗР "Дром" – Куманово**
Тел: 031/430-148
Факс: 031/411 406
III МУБ Бр.14 – Куманово
Претседател: Ахмет Јашаревски
E-mail: info@drom.org.mk

**Центар за демократски развој и иницијатива - Скопје**
Тел: 2 656 291
Факс: 2 656 291
"Виничка" Бр. 10
Претседател: Насер Ахмет
E-mail: cdrim@mail.net.mk

**ХЗР "Сонце" – Тетово**
Тел: 044/352-390
Факс: 044/352-391
Поштански Фах 159
Претседател: Надир Реџепи – 070/263-352

## б. Меѓусебен однос помеѓу РИЦ-овите и невладините организации домаќини

Меѓусебниот однос помеѓу НВО-ата, во рамки на кои фукционираат РИЦ-овите и самите РИЦ-ови, беше едно од прашањата, кои беа разгледани за време на посетата за оценка. Веќе подолго време, МТСП е загрижено за постојниот однос и има интервенирано во неколку ситуации. Еден од потенцираните проблеми од страна на МТСП, е недефинираната граница и неподеленоста на должностите и вработените кадри помеѓу НВО-ата и РИЦ-овите. Некои од вработените лица во РИЦ-овите, го трошат своето време на други проекти на НВО-то или пак вршат некои други должности за време на работните часови, кога би требало да се бават со прашања поврзани за РИЦ-от. Како што беше потенцирано во МТСП, тие ги покриваат трошоците за платите на вработените и затоа од тие луѓе очекуваат нивното време во целост, односно 100%, да го посветат на задолженијата во рамки на РИЦ-от.

Претставниците од МТСП изложија уште една причина за загриженост, поради функционирањето на РИЦ-овите во рамки на НВО-ата, а поврзана со фактот, дека ромското население всушност не разбира дека од технички аспект, РИЦ-овите се сосема посебни институции, различни од НВО-ата и дека истите се финансирани од власта. Според сфаќањата на ромското население, невладината организација е онаа, која што им пружа помош. Не постои никаква разлика помеѓу помошта што ја нуди НВО-то и онаа која се нуди преку РИЦ-от. Клиентите едноставно претпоставуваат дека вработените во РИЦ-овите, всушност, работат за невладините организации.[11]

Едно од можните решенија за решавање на овој проблем, предложено како од МТСП, така и од Министерот без ресор и Национален координатор за Националната стратегија за Ромите, Г-динот Мустафа, е РИЦ-овите да се префрлат во канцелариите на општинската администрација. Поголемиот број од соговорниците сметаа, дека доколку РИЦ-овите се префрлат во општините, постои опасност од нивна евентуална политизација. Според нив, исто така, меѓу Ромите може да се јави и одредена недоверба и неподготвеност за контакт со РИЦ-овите, доколку истите се лоцирани во иста зграда со општината.[12]

Ваквата загриженост ќе продолжи да постои и понатаму, сé додека не се промени постојната организациона структура на РИЦ-овите. Клиентите секогаш ќе сметаат дека помошта што ја добиваат доаѓа од невладината организација и секојпат ќе постои таквата нејасна и недефинирана поделба во работата на РИЦ-овите и НВО-ата. Прашањето на одвоеноста на задолженијата помеѓу НВО-ата и РИЦ-овите, дополнително се компликува поради фактот, што најголемиот дел од лицата, кои биле вработени во РИЦ-овите, се всушност поранешни вработени или волонтери на

[11] Ова прашање, исто така, беше посочено и од страна на Министерот без ресор, Г-динот Мустафа

[12] Како што е спомнато и во препораките, најдобро е РИЦ-овите да се сместени во нивни сопствени канцеларии, лоцирани во непосредна близина на целната заедница, а доколку единствениот избор е, тие да останат кај НВО-ата или да бидат префрлени во рамки на општините, тогаш мислењето на консултантот, е дека би било подобро тие да останат да функционираат во рамки на НОВ-ата.

невладините организации во кои истите се лоцирани. Најголемиот дел од вработените веќе се идентификуваат со самата НВО и нејзината работа, што уште повеќе ја отежнува можноста, РИЦ-овите да воспостават препознатливост и сопствен идентитет, независен од НВО-ата.

Дел од овој проблем е и непостоењето на јасно и прецизно утврдени работни обврски и задолженија, за вработените лица во РИЦ-овите.[13] Сите РИЦ-ови во моментов функционираат согласно "Оперативната програма и акциониот план за работа на РИЦ-овите за периодот 2010-2012 година" (понатаму во текстот именуван како План), кој беше заеднички изготвен од страна на МТСП, НВО-ата домаќини и РИЦ-овите.[14] Меѓутоа, во планот се дефинираат цели и одговорности за известување, но, не се наведуваат индивидуалните работни должности за вработените во РИЦ-овите.

Центрите за социјална работа со кои соработуваат РИЦ-овите, немаат јасно разбирање за должностите и одговорностите на лицата вработени во РИЦ-овите. Поголемиот број од вработените во ЦСР и останатите институции, не можеа да ни ја посочат конкретната причина за воспоставување на РИЦ-овите, ниту пак да ни ги објаснат нивните конкретни задолженија.[15] Центрите за социјални работи имаат различно разбирање за конкретните цели и намена на РИЦ-овите. Иако ЦСР сметаат дека РИЦ-овите се корисни до одреден степен, поединечните Центри за социјална работа, имаа различни погледи во однос на корисноста од постоењето на РИЦ-овите. Оние ЦСР, кои најмногу ја вреднуваат работата на РИЦ-овите, имаат развиено добри меѓусебни односни помеѓу вработените во РИЦ-овите и сопствениот кадар во рамки на ЦСР.[16]

Одредени луѓе во ЦСР сметаат дека РИЦ-овите постојат, со цел, тие да се ослободат од обврската да се бават со ромското население и нивните проблеми, кога тие се обраќаат до ЦСР, па така ромските клиенти редовно ги упатуваат и препраќаат во РИЦ-овите, наместо директно да постапуваат по нивните барања. Останатите ЦСР сметаат дека вработените треба да бидат подобро образувани и по можност социјални работници. Другите се прашуваа, зошто во овие центри им се помага само на Ромите, а не и на сите останати лица, на кои им а потребна таква помош. Перцепцијата во ЦСР е многу различна, во зависност од поединечните вработени во РИЦ-овите со кои соработуваат и меѓусебниот однос, кои досега тие успеале да го развијат со ЦСР.

---

[13] Консултантот доби спротивставени информации во однос на описот на работните задачи за вработените во РИЦ-овите. Според информацијата добиена од МТСП, описот е содржан во договорот за работа, потпишан со агенцијата за вработување. Како и да е, ваквата информација не му беше доставена на консултантот. Некои од вработените во РИЦ-овите беа свесни и информирани за описот на нивните работни места, обврски и задолженија, а некои не. Јасно е дека се работи за една збунувачка ситуација, која треба да биде целосно разјаснета.

[14] Акциониот/стратешкиот план беше изготвен како резултат на заедничката работилница, одржана во Охрид во 2009 година.

[15] Ова е точно и покрај фактот што РИЦ-овите одржуваат редовни координативни состаноци со ЦСР и другите локални институции. Некои од овие состаноци се одржуваат секој месец, додека останатите поретко.

[16] Можеше да се забележи и голема разлика во меѓусебните односи и врски помеѓу РИЦ-овите и ЦСР во зависност од тоа, дали во ЦСР има вработени лица од ромската националност или не. Истото може да се каже и во однос на останатите институции.

Факторот, кој дополнително ги компликува работите, е диспаритетот во претходните знаења, образованието и искуството на вработените во секој од РИЦ-овите, како и ресурсите на располагање на секој поединечен РИЦ, во зависност од НВО-то во рамки на кое функционираат. Некои од НВО-ата домаќини на РИЦ-овите, имаат доволно ресурси, кои ги остваруваат преку имплементацијата на некои други проекти, со кои ги покриваат административните трошоци на работењето и на РИЦ-овите, додека во останатите, РИЦ-овите се всушност единствениот проект во кој се вклучени самите НВО-а и затоа, тие имаат големи потешкотии со обезбедувањето финансиски средства за покривање на административните трошоци на РИЦ-овите.[17] Во некои од НВО-ата домаќини, двајцата вработени во РИЦ-овите се единствените во редовен работен однос и со редовна плата, во некои има по уште едно или две лица вработени во НВО-то, а во некои други случаи, НВО-то има уште три или четири вработени лица.

Тоа доведува до една ситуација, каде нивото и опфатот на работата на РИЦ-овите се разликува од една до друга локација, што во голема мерка зависи од ресурсите на располагање на самиот РИЦ во НВО-ото домаќин. За жал, најголемиот дел од НВО-ата не можеа да ни обезбедат конкретни податоци за тоа, колкав процент од нивниот буџет всушност се користи за обезбедување непречена работа на РИЦ-от.

Ваквиот диспаритет може да се елиминира, доколку МТСП биде успешно во обезбедувањето на неопходните средства во рамки на буџетот за следната година, за издвојување на РИЦ-овите од невладините организации и воспоставување на посебни независни канцеларии, при што, МТСП би ги покривало сите трошоци за нивната работа.[18] Тоа би им го овозможило на РИЦ-овите нивниот посебен идентитет и би го решило проблемот на неиздиференцираните задолженија, помеѓу невладините организации и РИЦ-овите. На тој начин би се воедначил и износот на ресурсите, кои му стојат на располагање на секој поединечен РИЦ. Било каква евентуална релокација на РИЦ-овите, мора да биде направена на стратешки начин, земајќи ги предвид постоечките ресурси на сегашните НВО-а домаќини и меѓусебниот однос помеѓу РИЦ-овите и НВО-ата.

Непостоењето на одвоен идентитет на РИЦ-овите, се чини дека нема некое конкретно влијание врз работењето на РИЦ-овите и нивната интеракција со целната популација. Од виденото и од дискусиите со раководните лица во НВО-ата и РИЦ-овите, може да се заклучи, дека прашањето на поделбата на задолженијата, се чини дека нема негативен ефект врз севкупното работење на Ромските информативни центри. Во одредени РИЦ-ови овој проблем е позабележителен, затоа што одредени вработени

[17] Не бевме во можност да добиеме јасна слика за тоа, колкави се реалните трошоци за НВО-ата, поврзани со работењето на РИЦ-овите, во рамки на истите. Голем број од невладините организации се обидоа да ги поделат трошоците и се потрудија да ни дадат одредена проценка, додека останатите имаа подетални податоци во однос на трошоците. Дадените проценки за трошоците на РИЦ-овите се движеа од 15% до 50% од севкупниот административен буџет на НВО-ата.

[18] Тоа би можело да биде остварено, само доколку МТСП обезбеди целосно финансирање на релокацијата на РИЦ-овите, вклучувајќи ги и трошоците за потребната компјутерска опрема, интернет пристап, разумен канцелариски простор, телефонски сметки итн.

имаат и дополнителни улоги и во рамки на НВО-то, што претставува проблем, за кој е свесно и МТСП.

**Препораки**

- МТСП мора да утврди јасни описи на работните места и задолженијата за сите вработени во РИЦ-овите и истите да ги користи, како основа за сите идни вработувања. (погледнете го Прилог 2, во кој е даден еден можен пример)

- Доколку РИЦ-овите и понатаму останат да функционираат во рамки на невладините организации, тогаш потпишаниот меморандум за разбирање помеѓу НВО-ата и МТСП ќе мора да биде ревидиран, со цел, да се изнајде решение за прашањето на административните трошоци.

- Со меморандумот за разбирање, мора јасно да се дефинира одвоеноста на должностите и задачите на НВО-ата и вработените во РИЦ-овите.

- МТСП треба да одржи состаноци со ЦСР и вработените во РИЦ-овите, каде ќе се разговара за улогата на РИЦ-овите и должностите и одговорноста на обете институции.

- Доколку за тоа постојат доволно финансиски средства, РИЦ-овите треба да бидат префрлени во нивни сопствени канцеларии, лоцирани во рамки на ромските заедници на кои им служат, при што, целокупните трошоци за нивната работа би требало да бидат покриени од страна на МТСП.

- Било какво евентуално зголемување во бројот на РИЦ-ови или вработени, треба да биде направено стратешки и да биде засновано врз бројот на население и идентификуваните потреби.

- Доколку РИЦ-овите бидат релоцирани, тогаш МТСП треба да ја искористи таквата можност, за повторно огласување на сите работни места во РИЦ-овите, врз основа на стандардизирани описи на работните места и задолженија и усогласен процес на вработување. Постоечките вработени треба да бидат поттикнати и охрабрени, повторно да аплицираат за вработување во РИЦ-овите.

- Вработените треба да добијат соодветна обука за раководење со предмети, а треба да се воспостави и стандардизиран систем за административно работење и раководење со предметите, кој ќе биде во употреба во сите РИЦ-ови.

### в. Вработените во РИЦ-овите и пружање правна помош

Како што беше претходно посочено, постојат големи разлики во нивото на образованост и претходно искуство, меѓу вработените во РИЦ-овите. Еден од факторите, кои придонесуваат кон ваквиот диспаритет, е тоа, што сите овие лица биле вработени од страна на НВО-то домаќин, а не од МТСП. Поради тоа, најголемиот број

од вработените во РИЦ-овите во моментов, се или поранешни или сегашни членови и вработени на самите невладини организации, во рамки на кои функционираат РИЦ-овите.

Исто така, тоа значи дека најголемиот дел вработени имаат претходно искуство на работење за НВО-то и работа во рамки на ромската заедница. Поради тоа, тие се веќе запознаени со целната популација и со локалните и национални институции со кои треба да соработуваат, во својство на вработени лица во РИЦ-овите. Ова се причините, поради кои РИЦ-овите можеле веднаш да започнат со работа и поради кои, во поголемиот број случаи, тие веќе ја имале стекнато довербата на целната заедница.

Најголемиот број од вработените лица немаат универзитетско образование, а дипломите на оние кои ги имаат, се од области, кои не се директно релевантни за работите, кои ги вршат во рамки на РИЦ-овите.[19] Сепак, сите вработени имаат претходно значајно искуство во работа со ромската заедница. Голем број од нив и претходно биле вклучени на проекти, во рамки на кои ги работеле истите работи, како што тоа сега го прават за потребите на РИЦ-овите.

Кога се работи за капацитетите на РИЦ-овите за пружање правна помош, важно е да се поседува усогласено разбирање за користената терминологија. Правната помош, како што беше разбрана од сите наши соговорници, е дефинирана широко и значи било каква помош или даден совет, за пополнување на одреден образец од државните институции, за барање помош од ЦСР, за контактирање и преписка со било која владина институција на локално или национално ниво и поднесување жалби и поплаки, до различни институции и судови. Оваа дефиниција го вклучува и најголемиот дел од елементарната правна помош, која сега ја обезбедуваат РИЦ-овите. Таа вклучува и активности, кои вообичаено не бараат ангажирање на адвокат.

За потребите на оваа оценка, важно е да се направи разлика помеѓу правната помош од елементарен карактер, која РИЦ-овите ја пружаат во моментов и правната помош за која е потребно да се ангажира вистински адвокат. Прегледот на редовните извештаи изготвувани од РИЦ-овите, го открива типот на елементарна правна помош, која во моментов може да се добие во РИЦ-овите.[20]

- Пружање бесплатна правна помош, давање совети и информирање на ромската заедница;
- Изготвување молби, пријави, барања и жалби;

[19] Одредени вработени во РИЦ-овите имаат универзитетски дипломи по Германски јазик, туризам, Турски јазик и педагошка академија, има еден забен техничар, а останатите поседуваат средно образование.
[20] Беа преведени и анализирани вкупно три годишни извештаи од РИЦ-овите за 2009 година, како и три полугодишни извештаи. Сите разгледани извештаи содржат сличен опис на работните активности во РИЦ-овите.

- Застапување и лобирање пред одредени институции на локално ниво (без разлика на видот на помош, во сферите на вработување, домување, здравствена заштита, образование итн.);

- Давање информации, советување и обезбедување на соодветната документација за различни цели и намени;

- Поттикнување на родителите на децата Роми, за нивно масовно запишување во прво одделение од основното образование и поактивно и поредовно присуство на училиште на децата, кои се веќе дел од образовниот систем;

- Активна соработка со сите локални институции од јавен карактер;

- Обезбедување континуирани информации во канцелариите на РИЦ-овите, во врска со активните мерки за вработување на ромското население, односно за самовработување, формализација, преквалификација и доквалификација;

- Активно учество на Ромските информативни центри – на различни работилници и семинари поврзани со прашата за Ромите;

- Обезбедување информации и изработка на пријави за владината програма за стипендирање на ученици Роми во средните училишта;

- Давање информации во здравствената сфера, во однос на трошоците при користењето услуги од Фондот за здравствено осигурување, изработка на барања, пишување изјави и фотокопирање;

- Активности поврзани со обезбедувањето информации во сферата на социјалната заштита, како и логистичка подршка за обезбедување социјална подршка и помош, економска подршка и помош и правна подршка и помош.

Слично, анализата на документацијата, која се изготвува во РИЦ-овите, покажува дека тие поседуваат основно разбирање на неопходната документација, која треба да се достави до судовите и државните институции (погледнете ги документите во Прилог 3).[21] Ваквите документи ги изработуваат вработените во РИЦ-от, а ги потпишува самиот клиент. Во сите РИЦ-ови ни беше посочено, дека досега немале никакви проблеми со изработените документи и дека истите никогаш не биле одбиени да бидат разгледани. Од самиот увид во овие документи може да се заклучи, дека лицата што ги изготвиле, веќе имаат претходно искуство во подготовката на вакви видови документи и дека имаат добиено одредена обука.

Иако извештаите, кои беа анализирани, содржат необработени податоци во однос на бројот на клиенти и општ опис на работните активности, тие не содржат квалитативни податоци за бројот на клиенти, чии предмети добиле успешна разрешница или пак за

[21] Иако беа разгледани неколку преведени и непреведени документи, сепак не можеше да се спроведе сеопфатна анализа на документацијата, која се изготвува и поднесува од страна на РИЦ-овите, токму поради прашањето на нивниот превод.

евентуалниот број на клиенти, по чии предмети ќе било корисно да постапува професионален адвокат. Во годишните извештаи на РИЦ-овите за 2009 година, можеа да се најдат следниве податоци:

- 496 клиенти на кои им е дадена помош во поднесувањето барања, изјави и друга различна документација во еден од РИЦ-овите, 1109 во друг и 390 во трет;
- Околу 349 случаи, каде е помогнато во пишувањето и поднесувањето различни молби и барања;
- 142 случаи на пружена помош во пријавувањето за еднократна финансиска помош;
- 375 случаи на услужени клиенти, во врска со молби, жалби, поплаки, барања итн.;
- Помош во пишувањето и поднесувањето жалби и поплаки во случаи, кои во најголем дел се поврзани со социјалната положба на Ромите во општеството, како и непријавени новороденчиња, кои не се заведени во матичната евиденција;
- Околу 577 случаи на давање конкретни совети за ромското население;
- 495 случаи на пружање други услуги, како на пример, фотокопирање, печатење, користење факс итн.

Поради непостоењето на детални податоци за работата на РИЦ-овите, извлечените заклучоци во оваа оценка, во врска со пружањето правна помош, воглавно се засновани врз посредните докази и податоци содржани во нивните извештаи. Ваквите податоци укажуваат на фактот, дека во овој момент, постојат доволно бројни правни прашања, кои бараат совет од адвокат и го оправдуваат присуството на адвокат во текот на работното време во секоја од канцелариите на РИЦ-овите, на неделна, двонеделна или месечна основа, врз основа на моделот, кој ќе се развие во рамки на Проектот на НМОС за Мобилни бесплатни правни услуги.

Дополнително, јасно може да се увиди, дека работењето на РИЦ-овите ќе се подобри, доколку тие имаат пристап до адвокат или правен асистент, за потребите од консултации или контрола на документацијата и застапување на клиентите пред судовите. Од овој аспект, би било корисно доколку адвокатите бидат во можност да изготват некаков прирачник за изработка на судски поднесоци, со конкретни примери, кои би можеле да се користат во РИЦ-овите. Во моментов, МТСП има доволно средства за вработување на по двајца правни асистенти во секој РИЦ, пред крајот на годината. Планот е да се објави конкурс за вработување на Роми, кои студираат правен факултет, кои би работеле со скратено работно време и би им помагале на РИЦ-овите во обезбедувањето правна помош.

Главната задача на правните асистенти би била, да помагаат во идентификацијата на сите прашања и проблеми за кои е потребен ангажман на адвокат, вршење првични разговори со клиентот, обезбедување на неопходните докази и документација од клиентот и подготовка на целокупното предметно досие, за анализа од страна на адвокатот.

Во моментов, врз основа на резултатите на оваа оценка, не постојат доволно причини за да се оправда евентуалната потреба за вработување на адвокати со полно работно време во секој од РИЦ-овите. Нема потреба ниту од вработување на двајца правни асистенти за секој РИЦ, како што всушност планира МТСП. За некои од РИЦ-овите би било многу подобро, доколку вработат по еден правен асистент и уште еден вработен, додека на некои останати, потребен им е всушност само еден правен асистент. Би требало да се размисли за евентуално вработување на лица со претходни искуства во сферата на социјалната работа.

Вработувањето нови лица, треба да се заснова врз бројот на потенцијални клиенти во секоја област покриена од РИЦ-овите, а не врз правилната и подеднаква распределба на вработувањата помеѓу РИЦ-овите. Се разбира дека нема логика да има ист број вработени во РИЦ-от во Делчево, каде вкупниот проценет број на Роми изнесува 651 лице и оној во Скопје, каде ромското население учествува со бројка од околу 24,000.[22] Вработувањето и распределбата на вработените во РИЦ-овите, мора да биде сторено на една стратешка основа, притоа имајќи ја предвид распределбата и учеството на ромското население во секоја територијална област во која се лоцирани РИЦ-овите (погледнете го Прилог 4, за податоците за ромското население од последниот државен попис).[23]

Сегашните вработени во РИЦ-овите, надополнети со по еден правен асистент, вработен врз основа на описот на работното место и должностите дадени во Прилог 2 и со одредена основна правна обука, ќе бидат сосема способни да ја пружаат елементарната правна помош, која е неопходна за да се задоволат барањата на целната популација. Акцентот во обуката, треба да биде ставен на основните, практични и корисни правни прашања и теми, поврзани со областите, содржани во владините акциони планови за Декадата на Ромите.

Нема потреба од спроведување на обемна и детална обука за Европската конвенција за човекови права, затоа што тие познавања не се потребни за вработените на компетентен начин да си ги извршуваат своите сегашни обврски и задолженија. За правата содржани во Конвенцијата може накратко да се продискутира за време на

[22] Треба да се посочи и дека врз основа на одржаните состаноци и разговори, може да се заклучи дека ситуацијата со ромската заедница во Делчево е многу подобра, отколку ситуацијата во која се наоѓаат Ромите во Скопје. Овие податоци, исто така, треба да бидат земени предвид при носењето одлуки во однос на вработувањето на нови лица.

[23] РИЦ-овите не се согласуваат со службените податоци од последниот попис, затоа што сметаат дека бројот на Ромите прикажан во истиот е премногу низок. Сите тие ни посочија поголеми бројки, за кои сметаат дека се многу поточни и поблиски до реалните бројки. Тие сите ќе се ангажираат, со цел, да обезбедат целосно попишување на вкупното ромско население, за време на следниот државен попис, кој е предвиден да се одржи следната година.

секоја од обуките на конкретни теми, фокусирани на домашното законодавство. При тоа, акцентот треба да биде ставен на самото право, содржано во меѓународните инструменти и прашањето дали и во колкава мерка, домашното право е усогласено со таквите инструменти.

**Препораки**

- Вработените лица во РИЦ-овите треба да добијат обука за пружање на основна или елементарна правна помош, заснована врз нацрт планот и програмата, содржани во овој извештај. При реализацијата на истата, треба да се земе предвид евентуалната претходна обученост и разликите во работното искуство и знаењата на вработените.
- Потребата од правна помош, која ја надминува елеменатарната помош која се нуди во моментов, може да биде задоволена преку обезбедување адвокати, кои би им биле на располагање за консултации на РИЦ-овите за основни правни прашања и преку реализација на проектот за Мобилни услуги за пружање бесплатна правна помош, кој би ги опфатил сите РИЦ-ови.
- Доколку МТСП биде успешно во своето барање до Институтот Отворено општество во Будимпешта, за финансирање на дополнително ангажирање адвокати за потребите на РИЦ-овите, тогаш истите би требало да се искористат според истиот модел, на кој сега работат оние во рамки на Проектот за мобилни бесплатни правни услуги, каде адвокатот доаѓа и работи одреден број часови, во претходно утврдени термини и денови од неделата. Адвокатот треба да биде на располагање на неделна, двонеделна или месечна основа, во зависност од потребите, кои ќе бидат идентификувани од страна на РИЦ-от и правните асистенти.[24]
- Тоа би можело да биде надополнето и преку ангажманот на правните асистенти, кои се планира да бидат вработени од страна на МТСП. Врз основа на ограничените информации на располагање, веројатно, еден адвокат би можел да покрие два РИЦ-ови, освен во случајот на Скопје, каде вкупниот број на ромско население би можел да оправда ангажман на еден или двајца адвокати.[25]
- Сите потреби за обука, треба да бидат координирани со останатите меѓународни организации и домашни невладини организации, активни во сферата на правата

[24] Поради недостатокот на конкретни податоци во однос на потребата од евентуална правна помош меѓу целното население, во овој момент, не може да биде дадена дефинитивна препорака во однос на вкупниот потребен број на адвокати. За почеток, со исклучок на Скопје, по еден адвокат за секои два РИЦ-а би требало да биде доволен. Тоа понатаму може да се менува, во зависност од идентификуваните идни потреби.

[25] За жал, РИЦ-от во Скопје не располагаше со никакви податоци во однос на можните предмети за кои е потребна правна помош, затоа што целокупната електронска евиденција во РИЦ-от била загубена, поради оштетување на компјутерите.

на Ромите, со цел, да се избегне било какво удвојување и да се обезбеди сеопфатна програма за обука на вработените во РИЦ-овите.

- При изготвувањето на програмите за обука за РИЦ-овите, мора да се разгледа и прашањето на евентуална прекумерна обука и проблемот на нејзина апсорпција.

- МТСП треба да ја превземе иницијативата за организација на состанок помеѓу Одделот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ и Делегацијата на Европската Унија, за потребите на координација на програмата за обука на вработените во РИЦ-овите за следната година.

### г. Закон за бесплатна правна помош

Оценката на улогата на РИЦ-овите, по усвојувањето на Законот за бесплатна правна помош и било кои можни области на спор, со останатите овластени даватели на правна помош и евентуалните последици, беше една од задачите дефинирани во задолженијата и обврските за оваа оценка. За жал, имајќи предвид дека не беа одржани состаноци со Министерството за правда и Адвокатската комора, во оценката не се прикажани нивните ставови во однос на тоа прашање. Заклучоците во оваа оценка, направени во однос на Законот за бесплатна правна помош, се засновани врз анализата на самиот закон, одржаните дискусии со неколку невладини организации и правни експерти и разговорите со вработените во РИЦ-овите.

Првото прашање, кое мора да биде одговорено, е колкав дел од ромското население се квалификува за таква бесплатна правна помош согласно законот. Одговорот на ова прашање ќе ги дефинира потребите за правна помош, кои треба да бидат задоволени од РИЦ-овите и начинот на кои истата може да биде обезбедена. Одговорот на прашањето за квалификацијата ќе стане појасен, откако ќе бидат завршени студиите на НМОС и МЗМП за ефектите од законот и потенцијалните корисници на бесплатна правна помош.

Имајќи предвид, дека поголемиот дел од ромското население веќе добива некаква форма на социјална помош, првичната претпоставка на ромските невладини организации и РИЦ-овите, била дека тоа автоматски ќе се квалификува согласно законот. Меѓутоа, сите правни експерти и НВО-а со кои се консултиравме за време на посетата, се на мислење дека само еден многу мал број граѓани, ќе можат да ја добијат бесплатната правна помош, имајќи ја предвид ниската финансиска граница одредена во законот. Границата е поставена на толку ниско ниво, што човек мора да живее во голема сиромаштија, за да се квалификува за добивање бесплатна правна помош.[26]

За жал, тоа е така, иако се чини дека Законот за бесплатна правна помош би требало да биде природниот механизам, преку кој би се обезбедила правна помош за ромското

[26] Погледнете ги Членовите 12-14 од Законот. Се чини дека границата е поставена така, што истата ја надминуваат сите лица и било кој друг што живее со нив, кои поседуваат имот и средства во износ, пет пати поголем од просечната месечна бруто плата исплатена во земјата. Во моментот на пишување на овој извештај, тој износ би изнесувал некаде околу 1,500 Евра.

население. Всушност, доколку најголемиот број Роми би се квалификувале согласно Законот, тогаш улогата на РИЦ-овите би можела да биде, да им помагаат на клиентите со правни проблеми, да поднесат барање за бесплатна правна помош и да им помагаат во интеракцијата со регионалните канцеларии на Министерството за правда, кое ќе биде одговорно за спроведување на Законот. Во таков случај, на предметите на клиентите ќе работат адвокати, назначени од страна на Министерството за правда, а власта ќе ги надомести целокупните трошоци за нивниот ангажман.

На овој начин би се елиминирала потребата за ангажирање адвокати, кои би постапувале по предмети од РИЦ-овите. Сепак, и понатаму останува потребата за вработување на правни асистенти во секоја од канцелариите, за одржување директна врска и контактирање со клиентите, како и со адвокатите, кои ќе работат по предметите.[27] Иако РИЦ-овите би можеле да помагаат со пријавите за бесплатна правна помош, тие не ќе можат да побараат надомест на нивните трошоци за таквата работа, затоа што не ги исполнуваат предвидените услови за овластените провајдери на првична правна помош согласно законот.[28]

Улогата, која ја имаат РИЦ-овите во пружањето елементарна правна помош, не би требала да се менува како резултат на усвојувањето на Законот. Видот на елементарна правна помош, која тие ја нудат, вообичаено не бара ангажман на адвокат и специјализирано правно образование. Дополнително, имајќи предвид дека најголемиот број правни совети што тие ги нудат, се однесуваат на прашања каде времето е важен фактор, како и поднесоци до државните институции врзани со конкретни рокови, во конкретните случаи, не би ни имало доволно време за минување низ процесот за аплицирање за правна помош согласно Законот. Најголемиот број случаи на кои работат РИЦ-овите, а вклучуваат обезбедување на елементарна правна помош, се разрешуваат на локално ниво, без вклучување, односно ангажирање адвокат.

Не би требало да се очекува да се појави било каков спор со останатите овластени провајдери на бесплатна правна помош, затоа што со Законот, не се ограничува сегашната активност на РИЦ-овите, а истовремено, тие не бараат надомест за дадената правна помош. Во моментот на изготвување на овој извештај, постојат само неколку поединечни адвокати, кои се имаат регистрирано во Министерството за правда, како овластени провајдери на бесплатна правна помош. Досега, ниту една НВО или друго граѓанско здружение се нема регистрирано за пружање бесплатна правна помош. Причината за ова лежи во фактот, што постои многу мал број НВО-а, кои ги поседуваат неопходните ресурси за исполнување на условите за регистрација согласно Законот. НВО-ата кои поседуваат такви ресурси, имаат потешкотии со наоѓање адвокати, кои би биле подготвени да го прифатат таквото работно место за платата која им се нуди.

---

[27] РИЦ-овите и понатаму би имале можност да остварат пристап до адвокатите, со цел, да добијат одговори на одредени прашања и помош во идентификацја на соодветните случаи, за кои е потребно ангажирање на адвокат.

[28] Во Членот 17 е предвидено, дека секој овластен провајдер мора да има вработено адвокат со положен правосуден испит и обезбедено соодветно осигурување.

Невладините организации се дополнително ограничени, поради правото да нудат "прелиминарна правна помош", што вклучува советување на граѓаните во однос на нивното право на бесплатна правна помош и пружање помош во пополнувањето на неопходните пријави и документи. Тие можат да нудат и "општи правни информации", што претставува одредена форма на бесплатна правна помош, која содржи општи и начелни упатства, во врска со законите и прописите во одредена конкретна област.[29] Всушност, тие самите не можат да ја обезбедат бесплатната правна помош, затоа што согласно Законот, тоа право им припаѓа единствено на адвокатите.

Одредбите од Законот не се применливи во случајот на РИЦ-овите, затоа што тие не пружаат прелиминарна правна помош, за која би барале надокнада од државата.

**Препораки**

- Доколку со студиите, кои се спроведуваат, биде утврдено дека Законот всушност ќе биде применлив за најголемиот дел од ромското население, тогаш вработените во РИЦ-овите ќе треба да добијат обука во однос на примената и спроведувањето на Законот, за да можат да му помагаат на ромското население да аплицира за добивање правна помош, согласно законот.

- РИЦ-овите треба да развијат добри меѓусебни односи со локалните канцеларии на Министерството за правда, кои ќе го спроведуваат законот, за да можат да го следат неговото спроведување.

- РИЦ-овите треба да ги поттикнуваат и охрабруваат Ромите да аплицираат за добивање правна помош согласно законот, за да може да се утврди, дали тие ги исполнуваат предвидените услови или не.

- Спроведувањето на Законот треба да се следи, за да се утврди неговиот ефект и влијание врз работата на РИЦ-овите и за да се види, дали Ромите можат да се квалификуваат за добивање бесплатна правна помош.

## д. Закон за борба против дискриминацијата

Новиот Закон за борба против дискриминацијата ќе стапи во сила на 1 јануари 2011 година. Тука вреди да се спомене овој Закон, затоа што ромското население, често се смета како етничка група, која е најмногу дискриминирана во Република Македонија.[30] Со овој Закон може да се зголеми потребата од адвокати, кои би ги застапувале Ромите во евентуални спорови по жалби за дискриминација. Спроведувањето на Законот треба да се следи, за да се утврди неговиот краен ефект врз работата на РИЦ-овите. Сите адвокати, кои би биле вклучени во работата на РИЦ-овите на еден или друг начин, ќе

[29] Членови 3, 6 и 17 од Законот.
[30] За резултатите од испитувањата за дискриминацијата во Република Македонија, погледнете го *Извештајот од истражувањето, Барометар за еднакви можности*, македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) Скопје, 2009 година.

треба да бидфат обучени и запознаени со одредбите од новиот закон и начинот, на кои истите можат да влијаат врз ромското население.

Имајќи предвид дека РИЦ-овите често ќе бидат првите, кои ќе добиваат извештаи за дискриминација од целната популација, тие мораат да бидат запознаени со различните видови дискриминација дефинирани во Законот и различните видови заштита од истата, која се нуди во Законот. Исто така, треба да ја познаваат и постапката за поднесување жалби до Комисијата за заштита од дискриминација, основана согласно Законот. Тие ќе мора, исто така, да го информираат ромското население и за новите права, кои им се даваат и штитат со новиот Закон (погледнете го делот за борба против дискриминација во предложениот план и програма).

Со Членот 36 од Законот, за прв пат во Република Македонија, се дава можност за поднесување групни тужби и водење заеднички спорови. Тоа значи дека една или повеќе невладини организации можат да поднесат тужба до судот, во име на одредена група луѓе, за која се тврди дека е систематски и постојано дискриминирана. Оваа одредба би можела да се примени во оние ситуации, каде на ромското население систематски му се ускратува правото на слободен влез на јавни места и простори или правото на користење на сите комунални услуги.[31]

МЗМП има обезбедено финансиски средства за обука на една група адвокати, за работа на групни тужби и спорови, согласно новиот Закон. Обезбедени се средства за покривање и на целокупните судски трошоци за неколку вакви предмети. РИЦ-овите треба да бидат известени за овој проект и да остварат контакт со МЗМП, секогаш кога сметаат дека во конкретниот случај се работи за пример на постојана, систематска дискриминација.

## ѓ. Останати кои обезбедуваат правна помош за ромското население

Во моментов, неколку домашни и меѓународни организации спроведуваат проекти, во рамки на кои се нудат одредени форми на бесплатна правна помош за ромското население. За потребите на Ромската заедница, на неколку места се нуди и неформална правна помош.

- УНХЦР спроведува проект за државјанства и лична документација, во кој се вклучени неколку од РИЦ-овите и НВО-ата во чии рамки тие функционираат. Планирано е проектот да заврши во текот на 2010 година.

- ЗПР работи на спроведувањето на проектот на НМОС за пристап до правна помош за Ромската заедница.

- Во Тетово има една правна канцеларија, која нуди бесплатна правна помош за ромската заедница, за прашања поврзани со семејното право.

[31] На пример, вработените во неколку РИЦ-ови посочија ситуации, во кои на Ромите постојано не им се дозволува да влезат и да се рекреираат во јавните базени.

- Локалната канцеларија на Адвокатската комора во Делчево вработува еден правен асистент, кој му помага на сиромашното население во пронаоѓањето правни застапници, односно адвокати. РИЦ-от соработува со ова лице и сите клиенти, кои имаат потреба од адвокатска помош ги упатува до неа.

- Во некои од РИЦ-овите, вработените имаат контакти со одредени адвокати, кои се познати во заедницата како правни лица, кои се подготвени да работат на одредени предмети без надомест или по намалени цени за своите услуги.

- Во еден ЦСР има вработено адвокат, кој пружа бесплатна правна помош за Ромите на неформална основа.

- Како што беше посочено погоре, МЗМП работи на реализацијата на проект за групни тужби и спорови, согласно новиот Закон за борба против дискриминацијата, кој потенцијално може да биде од голема корист и за ромското население.

Во моментов, не се реализираат проекти во рамки на кои, би постоел еден систематски пристап кон обезбедувањето правна помош за ромското население. РИЦ-овите обезбедуваат најголем дел од елементарната правна помош, која е на располагање на ромското население.

Единствениот проект, кој поседува систематски пристап кон пружањето правна помош, е Проектот на НМОС за мобилни бесплатни правни услуги. Овој модел се докажа како ефективен и истото може да се потврди и од анализата на извештаите од невладините организации, како и од оценката на документацијата, доставена до НМОС во текот на процесот на евалуација.

Делегацијата на Европската Унија во Скопје реализира проект за јакнење на капацитетите на РИЦ-овите и МТСП, во контекст на Декадата за вклучување на Ромите.[32] Еден дел од овој проект ќе вклучува и оценка на организационите капацитети на РИЦ-овите. Предложените области за подобрување, вклучуваат и стандардизиран опис на работните места, стандардизиран систем на раководење со предметите, образци за земање првични податоци, развивање мрежа за размена на информации помеѓу РИЦ-овите, како и стандардизација на работните програми и начинот на работење во РИЦ-овите.

За повеќето од овие теми, до одреден степен се говори и во оваа оценка и тоа се областите, за кои се дадени и одредени препораки. Сите препораки содржани во овој извештај, треба да бидат продискутирани и споделени и со Делегацијата на ЕУ, со цел, да се избегне било какво удвојување на работите, особено во врска со предложената обука за административно работење, односно раководење со предмети.

[32] Република Македонија ќе претседава со Декадата на Ромите следната година.

## IV. План и програма и обука

### а. Историјат

Како што беше спомнато и претходно, од најширок аспект, вработените во РИЦ-овите веќе пружаат елементарна правна помош на ромското население. Тоа го прават преку пружање помош во пополнувањето на соодветната документација, застапување на клиентите пред соодветните владини институции и преку поднесување на разни поплаки, жалби, приговори итн. Сите вработени ги поседуваат неопходните основни познавања во врска со постапките, кои мора да бидат испочитувани, со цел, да се осигура, ромското население да ја добие помошта на која има целосно право, согласно македонските закони.[33] Овој неформален процес на пружање правна помош функционира добро и истиот треба да се надградува и понатаму.

Во моментов, не постои конкретна процедура за оценка на работата и успешноста на РИЦ-овите, во однос на обезбедувањето правна помош, така што не е возможно да се утврди, дали таквата помош се пружа на конзистентен начин во сите РИЦ-ови и дали информациите што тие ги споделуваат, се точни. Дополнително, РИЦ-овите не располагаат со детални податоци за тоа, колкав број од клиентите на кои им помогнале, на крајот биле успешни во остварувањето на своите права. Истото се однесува и на податоците за бројот на предмети, кои на крајот завршиле пред суд и дали клиентите, во тој случај, имале правен застапник или не.[34] Ситуацијата е различна во секој РИЦ, затоа што некои од НВО-ата во чии рамки функционираат РИЦ-овите, имаат пристап до адвокат и пружаат пообемна правна помош во споредба со останатите.[35]

Повеќето вработени во РИЦ-овите немаат завршено факултет или друг вид образование или обука во правната сфера. Меѓутоа, тие се имаат стекнато со знаења, за одредени правни прашања, преку обуките во организација на МТСП или други меѓународни донатори, како и преку претходно стекнатите искуства, додека работеле за невладините организации. Целта на било која нивна обука во иднина, треба да биде понатамошно проширување на знаењата на вработените и усредоточување на обуката вра правните прашања, така да вработените добијат практични информации, кои можат да ги искористат при давањето помош на своите клиенти. Вработените не се адвокати и нема да станат адвокати благодарејќи на добиената обука, ниту пак целта треба да биде, истите да бидат претворени во *de facto* адвокати.

---

[33] Овој заклучок е заснован врз разговорите водени со вработените, со претставниците од ромската заедница, анализата на различните документи изготвени во рамки на РИЦ-овите за поединечни случаи и врз прегледот на Годишните извештаи на РИЦ-овите за 2009 година и три преведени полугодишни извештаи, за периодот од јануари до јуни 2010 година за РИЦ-овите во Битола, Штип и Куманово.

[34] Прашањето за соодветно собирање и чување на податоците, може да биде адресирано и во текот на обуката за административно работење и раководење со предмети.

[35] РИЦ-от во Штип има на располагање адвокат во рамки на НВО-то. Во Делчево, РИЦ-от соработува со правен асистент, најмен од страна на локалната адвокатска комора, со цел, да се најдат адвокати за клиентите, а во Тетово, постои канцеларија со социјален работник, психијатар и адвокат, кој нуди бесплатна правна помош за ромското население, за прашања поврзани со семејното право. Остана нејасно, кој всушност ја финансира работата на оваа канцеларија.

Тие мораат да имаат основно разбирање за правата, кои се загарантирани согласно домашната легислатива, како и разбирање на постапките за остварување на тие права. На вработените не им е потребна обемна обука, во однос на правата загарантирани со различните меѓународни спогодби и конвенции, кои ги има ратификувано Република Македонија, затоа што таквите документи се релевантни, само доколку случајот заврши пред суд. Наместо тоа, тие треба да имаат основно разбирање за тоа, кои одредби од меѓународните спогодби се применливи во Република Македонија и дали домашните закони се усогласени со овие меѓународно превземени обврски и задолженија. Од теоретски аспект, постојната легислатива би требало да е усогласена со меѓународните стандарди, поконкретно, со оние на Европската Унија и Советот на Европа, затоа што барем теоретски, во текот на последниве неколку години, сите закони се изменети и дополнети, со цел, да се обезбеди нивна усогласеност со овие стандарди. Вистинското прашање е, во колкава мерка, домашните закони се спроведуваат од страна на различните владини институции.

Без разлика на фактот, што вработените во РИЦ-овите во моментов обезбедуваат соодветно ниво на правна помош, врз основа на нивното образование и капацитети, сите ја потенцираа потребата од пристап до адвокат, со кој би можеле да се консултираат и кому би му ги упатиле оние клиенти, кои имаат потреба од соодветно застапување пред суд или во рамки на одредена управна постапка. Сите вработени беа согласни и во изразувањето на потребата за повеќе обука за законските права и постапки , со цел, да обезбедат поквалитетни услуги за своите клиенти.

Прашањето на претерана обука или истрошеност беше спомнато, како од вработените во РИЦ-овите, така и од МТСП. Општо чувство меѓу вработените, е дека, иако навистина им е потребна дополнителна обука, таа мора да биде релевантна и корисна, а не да се повторуваат теми и области, кои се веќе покриени. Исто така, таа треба да биде координирана и со останатите домашни и меѓународни организации, активни во сферата на правата на Ромите. Секоја обука, која ќе биде организирана, мора да ги земе предвид, како веќе претходно реализираните обуки, така и оние, кои се планираат за во иднина, за да се избегне евентуално дуплирање. МТСП или НМОС треба да ги соберат целокупните материјали, кои биле користени за време на поранешните обуки, за потребите на нивен преглед и анализа.[36]

Дополнително, веќе постојат бројни брошури и други информативни материјали изготвени од НМОС и други организации, кои се бават со правата на Ромите. Тие треба да бидат разгледани и доколку се сеуште актуелни и релевантни, истите треба да се дистрибуираат до сите РИЦ-ови.[37]

МТСП треба да ја превземе водечката улога во овој процес и да делува како главен координатор за сите обуки, кои би биле организирани во иднина. Меѓународните организации треба да организираат средба со МТСП, со цел, заеднички да се изготви

[36] Примероци од сите материјали за обука, мораат да бидат обезбедени и доставени и до секој РИЦ.
[37] Еден таков пример е брошурата за правото на образование, изготвена од судијата Цаца Николовска, за која, вработените во РИЦ-овите воопшто не беа информирани.

сеопфатен план за обука за годината. Треба да се изготви список на можни обуки и истите треба да се подредат според нивниот приоритет, за да се развие соодветен распоред за обука за вработените, за целата година. На тој начин, на вработените ќе им се овозможи да ги утврдат сопствените приоритети, во однос на обуките за кои сметаат дека ќе им бидат од најголема корист и помош, за да можат соодветно да ја организираат својата работа и редовните задолженија.

Постои потреба и од редовна обука за ажурирање на знаењата на вработените, секогаш кога ќе дојде до некоја измена на законодавството, која е релевантна за работењето на РИЦ-овите. Доколку не се работи за многу значајни измени, таквите информации би можеле да бидат споделени и без организација на посебна обука. Тоа би можело да се постигне и преку соопштение, изготвено од компетентен адвокат, во кое ќе се даде приказ и објаснување на измените, кои влијаат врз работата на РИЦ-овите. Истото би можело да се стори и преку редовно ажурирање на прирачниците за работа, кои треба да бидат изготвувани, како производ од секоја обука.

Врз основа на сите овие претходно наведени податоци и информации, се предлага следниов план и програма за обука на вработените во РИЦ-овите, во врска со правните прашања и теми.

### б. Теми кои треба да бидат опфатени

Акцентот во обуките треба да биде ставен на темите, кои се опфатени во владиниот Акционен план за Ромите, како и на темите со кои РИЦ-овите најчесто се среќаваат во текот на нивната работа.

1. Раководење со предмети
2. Образование
3. Вработување
4. Здравствена грижа
5. Право на социјални услуги
6. Домување
7. Обезбедување лични документи
8. Закон за борба против дискриминацијата

Во својот проектен предлог за Пристап до правна помош и информирање на ромската заедница, НМОС има дефинирано методологија и проектни цели и задачи за пилот обуката, која треба да се реализира во месец ноември оваа година. Овој предлог, предвидува практични обуки со студии на случаи, на кои би се работело за време на практичните вежби во текот на обуката. Јас би се согласил со вака предложената методологија и целите за обуките, а ова треба да послужи и како пример за сите идни обуки, кои би се реализирале во согласност со предложената програма.

Се предлагаат следниве малку видоизменети цели и задачи за обуките:

1. Обучувачот треба да спроведе обука за основните правни познавања и постапки за вработените во РИЦ-овите, согласно утврдените потреби за обука и развиените модули, за време на претходно извршената проценка на потребите.
2. Обучувачот треба да го изготви материјалот за обука и истиот да му го достави на ОБСЕ најкасно 10 дена пред одржувањето на обуката. Материјалите за обука треба да бидат поделени на целната група, најдоцна пет дена пред одржувањето на обуката. Материјалите за обука треба да вклучуваат, како теоретски, така и практичен дел, подржани со презентации со слајдови, за полесно одвивање на обуката. Материјалите за обука мораат да бидат изготвени согласно развиениот план и програма, за време на проценката на потребите. Таквиот план и програма, ОБСЕ ќе биде должна да ги достави до обучувачот, не подоцна од 15 дена пред одржувањето на обуката.
3. Обучувачот е должен да спроведе една обука (десет часа) поделена во два последователни дена за обука, во текот на месец ноември 2010 година. Обуката треба да се состои од 80 проценти практични вежби (пополнување формулари, презентација на правни информации, работа во групи, студии на случај итн.), а само 20 проценти од времето да биде посветено на теоретски презентации. Обуката ќе биде организирана за вкупно 16 учесници, членови на Ромските информативни центри.
4. При развојот на обуката, обучувачот треба да ја земе предвид целната група на учесници, односно група на луѓе со завршено средно образование, кои не се целосно запознаени со конкретните правни концепти и процедури. Токму затоа, јазикот и начинот на кој ќе се реализира обуката, треба да бидат соодветно адаптирани.
5. Обучувачот ќе ги оцени постигнувањата на секој учесник во писмена форма, преку образец, кој ќе го обезбеди ОБСЕ. Таквата оценка ќе треба да се достави до ОБСЕ, во рок од 10 дена по завршувањето на обуката.
6. Обучувачот е должен своите задачи и одговорности да ги извршува на професионален, ефективен и ефикасен начин. Обучувачот е должен да го земе предвид фактот, дека сите активности превземени во врска со оваа задача, треба да бидат насочени кон давање подршка на напорите што се прават на национално ниво, за развој на механизми за соодветно обезбедување бесплатна правна помош за маргинализираните ромски групи.
7. Обучувачот е должен да ги земе предвид сите евентуални коментари и сугестии дадени од ОБСЕ, во врска со реализацијата на активностите. ОБСЕ мора да го одобри конечниот производ, пред да биде исплатен хонорарот на обучувачот.
8. Обучувачот е должен да изработи и прирачник за вработените во РИЦ-овите, кој тие ќе можат да го користат како брз и едноставен водич, кога клиентот ќе се појави пред нив со конкретен проблем.

Сите прирачници треба да ги содржат следниве основни информации:

1. Кои права се загарантирани согласно конкретната домашна легислатива?
2. Која меѓународна конвенција или спогодба, ратификувана од страна на Република Македонија, го гарантира конкретното право и дали домашните закони се соодветно усогласени со истата?
3. На кој начин може да се утврди, дали правото е негирано на незаконит начин?
4. Каква административна и друга документација е потребна, за клиентот да може да го оствари своето право?

5. Детално упатство, чекор по чекор, за постапката која треба да се следи за потребите за остварување на правото и кој е процесот за обжалување на негативните решенија, добиени од државните институции?
6. Примероци од вистински случаи, на разни образци и документација, која треба да биде обезбедена и поднесена.
7. Примери од разни поднесоци, барања, приговори и други правни документи, кои вообичаено треба да се поднесат. Најоптимално решение би било, доколку сите РИЦ-ови следат подеднаков формат во поднесувањето на документите до институциите и судовите.
8. Какви докази и документација мораат да бидат обезбедени, доколку предметот треба да се подготви за предавање на адвокат, кој понатаму би постапувал по истиот?

Како што е наведено и во предлогот на Мисијата, обуката треба да се реализира на наједноставниот можен начин и истата не треба да биде премногу легалистичка, имајќи предвид за каква публика е наменета. Истото треба да се има на ум и да се земе предвид и при изготвувањето на прирачниците.

Од вработените во РИЦ-овите треба да биде побарано, со себе да понесат и примероци од различните дописи и документи, кои тие самите ги имаат изготвено за своите клиенти, а довеле до позитивен расплет на случајот, како и примероци од оние, кои не биле успешни. Дополнително, за секоја РИЦ канцеларија, треба да бидат обезбедени копии од сите релевантни домашни закони и прописи, вклучувајќи ги законите за вработување, домување, социјална грижа, образование, здравствена грижа и борба против дискриминацијата.

Сите обуки треба да вклучуваат информации и дискусија во однос на Охридскиот Рамковен договор, затоа што истиот содржи делови и прилози, кои се релевантни за правата на етничките малцинства, во голем број од погоре наведените области. На пример, во сферата на вработувањето, со договорот се предвидува вработување на членови на етничките малцинства во владините органи и институции. Во точката 4.2 од Договорот е наведено следново:

> 4.2. Во законите со кои се регулираат вработувањата во јавната администрација, ќе бидат содржани мерки, со кои ќе се обезбеди правична застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела и на сите нивоа на вработување во тие тела, истовремено почитувајќи ги правилата за компетентност и интегритет, според кои се раководи јавната администрација. Властите ќе преземат активности, за да ја корегираат постоечката неурамнотеженост во составот на јавната администрација, особено преку вработување припадници на заедниците со недоволна застапеност. Особено внимание ќе се посвети на тоа, да се обезбеди, колку е можно побрзо, полициските служби генерално да го одразат составот и распределбата на населението во Македонија, како што е специфицирано во Анекс Ц.

## в. План и програма за обука

### 1. Раководење со предмети

Како што беше посочено и погоре во текстот, РИЦ-овите немаат добиено конкретни упатства во однос на начинот, на кој треба да ги организираат предметите и личните досиеа на своите клиенти и каков вид документација треба да се обезбеди и чува за клиентите, кои бараат помош од нив. Поради тоа, во РИЦ-овите можат да се забележат најразлични методи на водење евиденција и раководење со предметите. Меѓутоа, ниту еден од тековните методи, кои се користат во моментов, не обезбедува соодветен и брз пристап до информациите содржани во евиденцијата, на ефикасен и ефективен начин.

Воведувањето на соодветно раководење со предметите ќе биде корисно, како за РИЦ-овите, така и за клиентите. За клиентите ќе биде одлично, доколку сите нивни документи и останата евиденција се водат и чуваат на едно место, со лесен пристап до истите. Корист за РИЦ-овите ќе биде во тоа, што сите предмети ќе им бидат соодветно организирани, што пак овозможува лесен пристап до потребната документација. Така се овозможува и собирање на неопходните податоци во РИЦ-овите, за прикажување на една попрецизна слика за услугите, кои се нудат и различните видови правни прашања, со кои се соочуваат во текот на работата.

На тој начин, може полесно да се следи и исходот на предметите и да се изготвуваат извештаи за потребите на МТСП. Употребувајќи ги таквите податоци, РИЦ-овите ќе можат подобро да го оправдаат своето постоење пред МТСП и да обезбедат една целосна слика за работата што ја вршат. Соодветното раководење со предметите овозможува и понатамошно следење на ситуацијата, во однос на поединечни клиенти, кога за тоа има потреба, како и полесно следење и запазување на предвидените законски рокови, во секој поединечен предмет.

Во најмала рака, секое досие би требало да содржи стандардизиран образец за земање првични податоци, изготвен од МТСП и РИЦ-овите, кој би се пополнувал при секој контакт со клиент. Еден пример, кој би можел да биде искористен, е образецот кој се користи во рамки на проектот на УНДП за обезбедување различна документација и лични документи (погледнете го Прилог 6 - образец за земање првични информации, кој се користи во проектот на ЗПР).

Обуката треба да ги опфати следниве теми:

1. Зошто е важно да се развие добар систем на раководење со предмети? Која е корист за клиентот, за РИЦ-от и за МТСП?
2. Зошто е важно да се има детален образец за земање првични информации, кој ќе биде пополнет за секој клиент, кој бара помош од РИЦ-овите?
3. Зошто е важно сите РИЦ-ови да имаат и користат ист систем за раководење со предметите?
4. Каква документација треба да се чува во индивидуалното досие на клиентот?
5. Каква документација може да се најде во дисиеата, кои се водат во ЦСР?

УНХЦР се понуди да организира обука за РИЦ-овите, врз основа на нивниот тековен проект. Мисијата на ОБСЕ треба да го искористи ова, затоа што УНХЦР веќе има развиено образец за првични информации и систем за раководење со предметите, кои овозможуваат соодветно собирање на податоци и нивна употреба, со цел, да се покаже ефективноста на проектот. Исто така, во обуката треба да се вклучи и презентер од Центрите за социјална работа, кој ќе го објасни нивниот административен процес и евиденција и ќе посочи, кои документи треба да бидат поднесени, за да се обезбеди успешна апликација и позитивно решение во конкретниот предмет.

## 2. Едукација

РИЦ-овите се вклучени и во активности, насочени кон едуцирање на ромското население во врска со важноста за испраќање на нивните деца во училиште. Тие соработуваат со локалните училишта и ромското население, со цел, да ги идентификуваат децата, кои би требало да одат на училиште. Некои од РИЦ-овите се активни и директно на терен, во обид да ги лоцираат потенцијалните ученици и да ги потсетат нив и нивните родители, за задолжителната обврска за посетување училиште согласно законот.[38]

Имајќи ја предвид важноста на образованието за потребите на интеграција на младите Роми во општеството и за разбивање на циклусот на сиромаштија, може да се каже, дека ова е областа, во која РИЦ-овите треба да бидат поактивни.[39] Исто така, ова е област, каде е потребна дополнителна координација, затоа што на ова прашање работат и други бројни меѓународни организации и домашни НВО-а.

Обуката треба да ги вклучува следниве теми:

1. Кои се правата, кои ги имаат македонските граѓани согласно домашните закони во образовната сфера?
2. Која е потребната документација за запишување на учениците во училиштата и на кој начин може да се обезбеди истата?
3. Кои се обврските на родителите, за уверување дека нивните деца ќе посетуваат настава и какви ќе бидат последиците за родителот и ученикот, доколку таквите обврски не бидат испочитувани?
4. Што треба да се стори, доколку локалното училиште има директна или индиректна политика на групирање на сите ученици Роми во посебни одделенија предвидени само за Ромите или во оние, за ученици со потешкотии во учењето?

[38] Согласно домашниот закон, сите ученици се должни да завршат средно образование. Родителите можат да бидат казнети со парична казна, доколку нивните деца редовно не посетуваат училиште.

[39] Според анализираните полугодишни извештаи и водените разговори со вработените, РИЦ-овите масовно се вклучиле во обидот за зголемување на бројот на ученици, кои ќе се пријават на огласот за стипендирање на Владата, со цел, на учениците Роми, да им се помогне да ги обезбедат сите едукативни средства неопходни за нивното образование.

5. Какви права имаат учениците со потешкотии во учењето и на кој начин тие права се заштитуваат или остваруваат, во рамки на локалниот училишен систем и од страна на Министерството за образование?
6. Кои се правата загарантирани согласно меѓународните инструменти и дали домашното право, е усогласено со таквите инструменти?
7. Кој е најдобриот начин за поголемо ангажирање и вклучување на ромското население во образовната сфера?
8. Што вели Охридскиот рамковен договор, во врска со правата на етничките малцинства во сферата на образованието и дали Владата има превземено одредени мерки, за спроведување на Договорот и во оваа конкретна сфера?

Материјалите за обуката треба да ја вклучуваат и домашната легислатива во образовната сфера, студии на случај засновани на вистински случаи, со цел, да се организира дискусија во помали групи, примери за тековните активности на РИЦ-овите во едукативната област, вклучувајќи, како позитивни, така и негативни примери, како и прирачник. Ваквата обука, треба да биде координирана со одделот за образование, во рамки на Мисијата на ОБСЕ.

## 3. Вработување

Вработувањето, односно невработеноста, е прашањето, кое беше посочено како проблем од страна на најголемиот број ромски претставници. Во моментов, РИЦ-овите соработуваат со локалните агенции за вработување, со цел, да се олесни пристапот на ромското население до услугите, кои се нудат во нивните локални канцеларии. Сите РИЦ-ови имаат развиено добар однос со локалните канцеларии за вработување и се трудат, ромското население постојано да го известуваат за сите програми и обуки, кои се реализираат преку овие канцеларии. Активно учествуваат и во обидите за поттикнување на Ромите да земат учество во активностите и услугите, кои се нудат во рамки на локалните канцеларии.

Во РИЦ-овите бев информиран, дека, иако голем број Роми првично покажуваат голем интерес за програмите и обуките организирани од страна на агенциите за вработување, на крајот, сепак, само еден мал број од нив, всушност ги користи таквите услуги. Највообичаената причина, што ја даваат како оправдување за овој факт, е обемната документација која се бара за аплицирање, како и обврската за поединците, кои учествуваат во таквите програми, истите да ги посетуваат редовно и посветено.

Обуката треба да ги вклучува следниве теми:

1. Кои се загарантираните права согласно домашното законодавство во сферата на вработувањето и дали домашните закони се усогласени со меѓународните инструменти, ратификувани од страна на Република Македонија?
2. Какви права, во однос на евентуална помош и бенефиции, имаат невработените лица и на кој начин поединецот може да аплицира и да ги оствари таквите бенефиции?

3. Какви програми и обуки му стојат на располагање на ромското население во моментов, во сферата на вработувањето?
4. На кој начин, еден поединец може да се пријави за учество во програмите и обуките организирани од страна на агенциите за вработување и каква документација е потребна за тоа?
5. Која е процедурата за поплаки, кога Ромите сметаат дека биле дискриминирани при разгледувањето на нивната апликација за вработување?[40] Ова би требало да вклучи и дискусија за постапките и правните лекови, кои стојат на располагање, согласно Законот за борба против дискриминацијата.
6. Што е предвидено согласно Охридскиот рамковен договор во сферата на вработувањето и кои чекори ги има досега превземено Владата, со цел, да се спроведе договорот во тој дел.

Материјалите за обуката треба да ја вклучуваат и домашната легислатива во сферата на вработувањето, студии на случај за полесна дискусија во помали групи, примери за тековните активности на РИЦ-овите во областа на вработувањето, вклучувајќи, како позитивни, така и негативни примери, како и прирачник.

## 4. Здравствена грижа

Пристапот до здравствена грижа и здравствено осигурување, е едно од прашањата со кои РИЦ-овите најчесто се бават. Многу од тие проблеми се поврзани со потребната документација, која е неопходна за вклучување во националната програма за здравствено осигурување.[41] Голем број Роми, воопшто не се евидентирани во системот за здравствено осигурување и грижа, уште од самиот момент на нивното раѓање, затоа што новородените деца не се пријавуваат во матичните служби и не се обезбедуваат неопходните изводи од матичната книга на родените.

Обуката треба да ги вклучи следниве теми:

1. Кои се загарантираните права согласно домашните закони во здравствената сфера и дали домашните закони се усогласени со меѓународните инструменти, ратификувани од страна на Република Македонија?
2. На кој начин, еден поединец може да се пријави за учество во националната програма за здравствено осигурување и каква документација е потребна за тоа?
3. Која е постапката, доколку на едно лице му биде одбиен пристап до програмата за здравствено осигурување или не му биде пружена здравствена грижа, затоа што лицето не е регистрирано?
4. Што може да се стори во ситуација, кога Ромите сметаат дека биле дискриминирани во сферата на здравствената грижа? Ова би требало да вклучи и дискусија за предвидените постапки во такви случаи, согласно Законот за борба против дискриминацијата.

[40] Голем број Роми се пожалија, дека при интервјуата за вработување, штом лицето отспротива, сфати дека се работи за член на ромската заедница, нивната апликација веднаш се одбива, без разлика дали тие се квалификувани за работното место или не.
[41] Во Агенцијата за вработување во Тетово, нé известија дека согласно една од новите одредби во законот, сега Ромите можат да добијат здравствена грижа, без притоа да мораат да обезбедуваат документација, со која ќе докажат дека се невработени.

Материјалите за обуката треба да ја вклучуваат и домашната легислатива во однос на националната програма за здравствено осигурување и пружањето здравствена грижа. Треба да се работи и на студии на случај, за развивање дискусија во помали групи. Потребно е да се дадат и примери за тековните активности на РИЦ-овите во областа на здравствената грижа, вклучувајќи, како позитивни, така и негативни примери, како и соодветен прирачник.

**5. Право на социјални услуги**

Правата во социјалната сфера (услуги и помош) ја претставуваат областа во која РИЦ-овите се најактивни. Најголемиот дел од клиентите доаѓаат во РИЦ-овите со барања за помош, за добивање одредени социјални услуги или помош од локалните ЦСР. Најчесто, истите вклучуваат изготвување на барања за добивање парична помош, која може да биде еднократна или редовна, во форма на социјална парична помош. За ова е потребна соодветна документација при првичната апликација, како и обезбедување на континуирани докази, дека лицето или семејството и понатаму се квалификува за таквиот вид помош.

Обуката треба да ги опфати следниве теми:

1. Кои се загарантираните права согласно домашните закони, во сферата на социјалната грижа и услуги?
2. Кои видови социјална грижа и услуги се нудат од страна на ЦСР?
3. На кој начин поединецот може да се пријави за добивање одредени социјални услуги и каква документација е потребна за тоа?
4. Кои се барањата и временските рокови за ажурирање на поднесените апликации?
5. Која е постапката, која треба да се следи, доколку на едно лице му е одбиено правото на социјална грижа или услуги?
6. Која е постапката, која треба да се следи, доколку Ромите сметаат дека бенефициите им се ускратени, поради нивната етничка припадност? Ова би требало да вклучи и дискусија за правните лекови, кои стојат на располагање согласно Законот за борба против дискриминацијата.

Материјалите за обуката треба да ја вклучуваат и домашната легислатива во сферата на обезбедување социјална грижа и услуги, студии на случај за полесна дискусија во помали групи, примери за тековните активности на РИЦ-овите во оваа област, вклучувајќи, како позитивни, така и негативни примери, како и соодветен прирачник.

**6. Домување**

Пристапот до соодветно домување, беше едно од прашањата, кои беа посочени во сите РИЦ-ови, како прашање на кое тие активно работат и како посебен проблем за ромското население. Тука е и прашањето на ромските гета, формирани на одредени локации, за кои градот има ограничени или пак воопшто не обезбедува комунални или други услуги, а истите понекогаш се сметаат и за незаконски диво изградени населби. Некои од РИЦ-овите имале успех во обезбедувањето сместување за одредени ромски

семејства, со одредена помош и субвенционирање преку Владата, а некои други во обезбедувањето кофинансирање на трошоците за домување на ромските семејства.

Обуката треба да ги опфати следниве теми:

1. Какви права се загарантирани во домашното законодавство, во однос на обезбедувањето соодветно домување ?
2. Како може граѓанинот да го оствари таквото право?
3. Дали постојат некои други владини програми за помош, во сферата на домувањето?
4. Која е процедурата за поднесување барање за државна помош во сферата на домувањето?
5. Која е жалбената постапка, доколку одредено лице не ја добие помошта во сферата на домувањето, која инаку му припаѓа според законот?
6. Кои се загарантираните права за обезбедување соодветно домување согласно меѓународните инструменти? Дали домашните закони се усогласени со таквите права?

Материјалите за обуката треба да го вклучат и Законот за домување, студии на случај од РИЦ-овите, примери за тековните активности на РИЦ-овите во оваа област, вклучувајќи, како позитивни, така и негативни примери, како и соодветен прирачник.

**7. Обезбедување лична документација**

Се работи за прашање, кое на еден или друг начин, е поврзано со сите претходно спомнати теми, затоа што документацијата е потребна за добивање на било кои услуги. Исто така, тоа е и областа за која, според РИЦ-овите, има најголема и најитна потреба за ангажирање на адвокат. УНХЦР имплементира еден повеќегодишен проект за обезбедување лична документација, финансиран од страна на ЕЗ, кој треба да заврши во месец декември.

Имајќи предвид, дека активностите на РИЦ-овите, во однос на обезбедувањето лични документи, како дел од нивната работа на други теми и прашањето на документацијата, ќе бидат опфатени во секоја од обуките, согласно и во зависност од самата тема која се обработува, останува нејасно, дали за оваа тема е потребна посебна обука или не. Треба да се посочи и дека неколку од НВО-ата, во чии рамки функционираат РИЦ-овите, се веќе вклучени во проектот на УНХЦР.

Во најмала рака, за потребите на РИЦ-овите треба да се изготви еден прирачник, кој ќе ги содржи најважните прашања и процедури, поврзани со добивањето лични документи. Повторно, во развојот на таквиот прирачник, од голема корист може да биде досегашното искуство на УНХЦР. Една од можните сугестии, е прирачникот да биде изработен и поделен, пред одржувањето на обуките. На тој начин, за време на обуката, при дискусијата за конкретни теми, обучувачите ќе бидат во можност да се повикаат на истите и во самиот прирачник.

Доколку се смета дека е потребна посебна обука, УНХЦР веќе се понуди да спроведе обука на оваа тема за потребите на РИЦ-овите. Би можело да се сугерира одржување

на еднодневна обука за ова прашање, пред да се говори за останатите конкретни области, со цел, да се презентираат основин информации за проектот на УНХЦР и да се извлечат одредени поуки од нивното искуство.[42]

## 8. Закон за борба против дискриминација

Ефектите од новиот закон за борба против дискриминацијата, ќе бидат покриени во рамки на секоја поединечна тема, за која ќе се организира обука. Потребата од постоење на адвокат, кој би работел на случаи на дискриминација, се́ повеќе ќе расте, откако ќе се започне со спроведувањето на законот во пракса, започнувајќи од месец јануари 2011 година. Во најмала рака, вработените во РИЦ-овите треба да бидат обучени за правните лекови и постапки, предвидени во рамки на новиот закон и за тоа, како истите би можеле да бидат применети во однос на ромското население. Имајќи предвид дека Мисијата на ОБСЕ ќе учествува во обуката на членовите на Комисијата за заштита од дискриминација, најоптималното решение би било, истите обучувачи да ја спроведуваат и обуката за РИЦ-овите.[43]

Ова, исто така, е област во која може да се очекува обемна обука за време на следните неколку месеци и затоа е исклучително важно, да се обезбеди координација во работата. На оваа тема, веќе е организирана најмалку една обука за вработените во РИЦ-овите, реализирана од страна на невладината организација, во чии рамки функционира РИЦ-от во Гостивар, односно АИР Месечина. За жал, напорите за обезбедување на програмата и материјалите, користени во текот на таа обука не беа успешни за време на посетата за потребите на оваа оценка. Мисијата на ОБСЕ треба да се обиде да ги обезбеди овие документи, за да се види, што е она што било опфатено за време на оваа обука и да се утврди, дали е потребна дополнителна обука или не.

Како и во областа на личните документи, треба да се изготви прирачник и на оваа тема пред одржувањето на другите обуки и истиот да се подели, така што вработените во РИЦ-овите ќе можат однапред да се запознаат со новиот закон. Потоа, секој ќе може да се повика на прирачникот, кога ќе се разговара за прашањето на дискриминација, во контекст на обуките на останатите конкретни теми. Одредени материјали се изготвени и од страна на коалицијата за борба против дискриминацијата и истите би можеле да бидат корисни за РИЦ-овите, затоа што содржат студии на вистински случаи на дискриминација од Република Македонија.[44]

РИЦ-овите треба да изработат информативни материјали, кои ќе бидат поделени меѓу ромското население, во кои ќе биде дадено објаснување за законот, правата и правните лекови предвидени во него. Доколку ваков вид информативни материјали биле

---

[42] УНХЦР има направено и оценка на самиот проект и располага со статистички податоци за вкупниот број на случаи по кои постапувале, стапката на успешност и бројот на случаи, кои сеуште не се разрешени. Ова би можело да послужи како модел за собирањето податоци, во врска со пружањето правна помош во РИЦ-овите.

[43] Одделот за владеење на правото во рамки на Мисијата, исто така, ќе помага во имплементацијата на новиот закон и во врска со тоа, ќе реализира и неколку проекти во текот на следната година.

[44] Материјалите се на Македонски јазик и истите беа публикувани од страна на коалицијата за борба против дискриминацијата за време на теренската посета.

изготвени во минатото или пак на нив работи некоја друга невладина организација во моментов, истите треба да бидат искористени од РИЦ-овите, наместо да се удвојуваат таквите напори.

Многу од домашните НВО-а реализираат проекти во оваа област, а ќе вршат и мониторинг на спроведувањето на законот. Ќе биде важно да се следи работата на овие невладини организации, како и на меѓународните организации, кои ќе работат на проекти во оваа област, со цел, да се обезбеди координација на севкупните напори и активности.[45]

Доколку се утврди дека е потребна посебна обука на оваа тема, истата би требала да го вклучува следново:

1. Што е дискриминација и на кој начин, законот ги дефинира директната и индиректната дискриминација?
2. Како може да се утврди дека дискриминација навистина постои, односно дека се работи за случај на дискриминација?
3. Кои се правните лекови што ги нуди самиот закон?
4. Кои се предвидените процедури во законот, за поднесување жалба?
5. Какви докази треба да се обезбедат, со цел, да се иницира постапка согласно законот?
6. Каква улога ќе има канцеларијата на Народниот правобранител, во имплементацијата на новиот закон и на кој начин, таа се разликува од надлежноста што ја има Комисијата за заштита од дискриминација?
7. Кои се загарантираните права согласно Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) во врска со заштитата од дискриминација?

Во материјалите треба да бидат вклучени и Законот за борба против дискриминацијата, студии на случаи за дискриминација, засновани врз вистинити случки за потребите на развивање дискусија во помали групи и соодветен прирачник. Во обуката би можеле да се искористат и студиите на случај, кои се содржат во материјалите, изготвени од страна на коалицијата за борба против дискриминацијата.

[45] Еден таков пример, е проектот на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) за обука на избрана група адвокати во однос на новиот закон, а особено во однос на делот, кој предвидува поднесување групни тужби и парничење. МЗМП веќе има обезбедено и финансиски средства за поднесување на одреден број групни тужби во оваа област, како и за тужби во врска со случаи на систематска дискриминација на Ромите, идентификувани од страна на РИЦ-овите, кои би можеле да им бидат пренесени.

# Прилози

**Прилог 1**

***Програма на теренските посети***
***Оценка на Ромските информативни центри (РИЦ)***
***13.09.2010 Понеделник***

| | |
|---|---|
| 9:00 часот | Состанок со претставниците од Одделот за владеење на правото / Судски реформи во рамки на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Република Македонија |
| 11:00 часот | Состанок со Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во врска со новиот Закон за бесплатна правна помош |
| 14:00 часот | Средба со Рамадан Берат – Фокусна точка и контакт лице за Ромите при Мисијата на ОБСЕ |

***14.09.2010 Вторник***

| | |
|---|---|
| 10:30 часот | Состанок со РИЦ во Тетово и НВО “СОНЦЕ” |
| 12:00 часот | Средба со претставници од ромската заедница од Тетово |
| 13:00 часот | Состанок во Агенцијата за вработување во Тетово |
| 14:00 часот | Состанок во Центарот за социјални работи во Тетово |

***15.09.2010 Среда***

| | |
|---|---|
| 10:00 часот | Состанок со претставници од УНХЦР – Национална канцеларија (Карлос Малдонадо, Ирена Маринова) |
| 12:00 часот | Состанок во МТСП – Мабера Камбери, Фокусна точка и контакт лице за ромски прашања |
| 14:00 часот | Состанок со претставници од СОРОС – Неда Коруновска, Данче Даниловска и Наде Наумовска |
| 16:30 часот | Состанок со Жанета Стојкова – СНП Оддел за владеење на правото |
| 17:30 часот | Состанок со Шефот на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, Амбасадорот Херерo |

***16.09.2010 Четврток***

| | |
|---|---|
| 09:30 часот | Состанок со претставниците од Институтот за човекови права (Судијата Цаца Николовска и Тања Миленковиќ - Темелковска) |
| 12:00 часот | Средба со РИЦ-от во Скопје и НВО Центар за демократски развој и иницијатива (ЦДРИМ) |
| 14:00 часот | Состанок со Министерот без ресор, Г-динот Неждет Мустафа |
| 16:30 часот | Состанок со Раководителот на Одделот за владеење на правото во рамки на ОБСЕ |

***17.09.2010 Петок***

08:00 часот Состанок со претставникот за ромски прашања од Канцеларијата на Европската Унија, Г-дин Елвис Али
11:00 часот Состанок во Центарот за социјални работи во Штип
13:00 часот Средба со вработените во РИЦ-от во Штип и НВО Здружение за правата на Ромите (ЗПР)
15:00 часот Средба со претставници од ромската заедница од Штип

***18.09.2010, Сабота***

11:00 часот Состанок со вработените во РИЦ-от во Куманово и НВО ДРОМ
13:00 часот Средба со претставници од ромската заедница од Куманово

***20.09.2010, Понеделник***

10:30 часот Состанок со вработените во РИЦ-от во Делчево и НВО КХАМ
12:00 часот Состанок во Центарот за социјални работи во Делчево – Претставник на Ромите
15:00 часот Средба со претставници од ромската заедница од Општина Делчево

***21.09.2010, Вторник***

10:30 часот Состанок со вработените во РИЦ-от во Прилеп и НВО Ромска солза
12:30 часот Состанок во Центарот за социјални работи во Прилеп

**22.09.2010, *Среда***

09:00 часот Средба во МТСП – Мабера Камбери
13:30 часот Работен ручек со Амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ и Раководниот кадар од Одделот за владеење на правото
16:30 часот Средба со Giorgia Demarchi, експерт за РИЦ, ангажирана од страна на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје

***23.09.2010, Четврток***

10:30 часот Состанок со вработените во РИЦ-от во Битола и НВО Баевска светлина
12:30 часот Центар за социјални работи Битола – Отворање на Дневен центар за згрижување на деца од улица
16:30 часот Завршна средба со преставниците од Одделот за владеење на правото / Судски реформи на ОБСЕ

***24.09.2010, Петок***

04:00 часот Заминување

**Прилог 2**

**Опис на работното место и должностите на Правните асистенти во рамки на РИЦ-овите**

Објаснување:

Министерот за труд и социјална политика, предвидува ангажирање на дополнителни правни асистенти, кои во иднина би им помагале на правните советници, во обезбедувањето правна помош на членовите на ромската заедница, во рамки на мобилните правни канцеларии.

Задачи и одговорности:

- Извршување работни задачи под контрола и надзор на правниот советник;
- Водење евиденција за предметите, интервјуирање на клиентите, собирање документација во корист и за полза на клиентите;
- Помагање на клиентите во пополнување на најразлични формулари;
- Комуникација со локалните и државните институции;
- Активно учество во тек на дискусии на округли маси и конечни презентации;
- Во координација со правниот советник, давање помош во подготовката на материјалите за дискусија за време на округли маси и дискусии, вклучувајќи и кратки и едноставни презентации за можните правни и процедурални пристапи, кои би можеле да бидат соодветни и корисни, во изнаоѓањето решенија за конкретните теми и прашања на дискусија;
- Превод од Ромски на Македонски јазик и обратно;
- Помош при изготвувањето на финалните извештаи.

Потребни квалификации:

- Завршено најмалку средно образование, надополнето со претходно искуство на работа на правни прашања и посетувани обуки за човекови права;
- Одлично познавање на Македонскиот и Ромскиот јазик;
- По можност лица од ромска националност.

**Опис на работите и задолженијата за адвокатите, кои соработуваат со Ромските информативни центри**

Објаснување:

Министерот за труд и социјална политика, предвидува ангажирање на искусни правници, кои ќе пружаат правни совети и помош за членовите на ромската заедница, за потребите на Ромските информативни центри.

Задачи и одговорности:

- Целосна одговорност за раководење со правните советодавни канцеларии и поединечните предмети на клиентите;
- Координација на соработката со локалните РИЦ-ови;
- Подготовка на задолженијата и временскиот распоред за работа, во рамки на правните советодавни канцеларии;
- Координација на работата на правните асистенти вработени во РИЦ-овите;
- Обезбедување бесплатни правни консултации, совети и помош за Ромите, меѓу другото и во итни ситуации;
- Изработка на потребната документација за клиентите, пишување жалби и барања, водење истрага за конкретни предмети;
- Постапување пред суд во присуство на клиентите;
- Комуникација со локалните и државните институции;
- Организација на округли маси и дискусии, за теми и прашања од интерес за ромската заедница;
- Подготовка на материјалите за дискусија за време на округли маси, вклучувајќи и кратки и едноставни презентации, за можните правни и процедурални пристапи, кои би можеле да бидат искористени за конкретните теми и прашања на дискусија;
- Активно учество на организираните дискусии и округли маси;
- Изготвување периодични и финални извештаи до МТСП.

Потребни квалификации:

- Најмалку седум години претходно искуство на работа како адвокат;
- Дипломиран правник со дополнителна обука во сферата на човековите права;
- Добри комуникациски вештини и способност за работа во тим;
- Добро разбирање и познавање на Ромската заедница (нивните проблеми, важни прашања и по можност на јазикот).

**Прилог 3**

До: Општина Куманово

Сектор за животна средина

Предмет: Приговор по Предмет број 28/1296

**П Р И Г О В О Р**

Јас, Дураковиќ Авдија – Бабуш, со место на живеење на улица Брнако Богдански Гуцман, број 35а, го вложувам овој приговор, поради наводните обвиненија против мене, поднесени на 28.01.2010, заверени под број 28/1296 од група граѓани предводени од Миланчо Добревски, со адреса на улица Вараждинска, број 20 во Куманово.

Како резултат на нивните тврдења и поплаки, инспекторот Г-дин Бобан Бојковски, придружуван од претставници од Секторот за внатрешни работи во Куманово, изврши посета на мојата работилница (два пати во рок од десет дена), при што, можеше да се увери дека ковачницата Бабуш, која е во моја сопственост, поседува соодветна дозвола за работа и ги задоволува сите барања и услови согласно законот.

Имајќи предвид, дека ги исполнувам сите работни услови, го вложувам овој приговор во однос на групата граѓани, кои шират лажни обвинувања против мене, со цел, истите да ги повлечат во рок од десет дена. Во спротивно, против нив ќе бидам принуден да поднесам приватна тужба.

Инспекторот Бобан Бојковски, во записникот наведе дека сум должен да го поднесам елаборатот за работилницата “Бабуш” во рок од 60 дена, кој јас го поседувам и ќе го поднесам до надлежната институција, односно до Општина Куманово.

Процедурата поврзана со елаборатот, ќе ја завршам во предвидениот законски рок и врз основа на тоа, го поднесувам овој приговор.

05.02.2010

Подносител:
Дураковиќ Авдија - Бабуш

До: Центар за социјални работи - Куманово

Предмет: Жалба

**Ж А Л Б А**

Јас, Јовица Димитриевиќ, со место на живеење во село Никуљане и единствен матичен број 0309955412005, сум корисник на социјална финансиска помош во износ од 2.140 Денари.

Поради моето ненавремено пријавување и пријавување на членовите на моето семејство како невработени лица, а согласно Член 30, став 4 од Законот за социјална заштита, примив решение, со кое ми се укинува правото на социјална финансиска помош во период од 6 месеци, започнувајќи од 01.06.2010 година.

Оваа жалба ја поднесувам против решението, со кое ми се укинува социјалната помош, донесено од страна Центарот за социјални работи.

Јас и моето семејство сме во многу лоша финансиска состојба и не сме во состојба да ги обезбедиме ниту најосновните животни услови.

Се надевам дека оваа жалба ќе ја разгледате и земете предвид и дека ќе добијам позитивен одговор во однос на истата.

Со почит,

28.07. 2010 Подносител:

Јовица Димитриевиќ

До:

Предмет: Барање

## Барање

Моето име е Пешевски Вукосав, со место на живеење во село Алгуња и единствен матичен број 0601966420042, вработен во основното училиште “Светозар Марковиќ” во село Алгуња, општина Старо Нагоричане. Во училиштето работам од 1988 година, со договор на неодредено време, со скратено работно време (хигиеничар) од 20 работни часа неделно.

Иако работам со скратено работно време, морам да доаѓам еден час порано, за да го отклучам училиштето, да ги загреам училниците и да ги обезбедам соодветните работни услови, за наставниот кадар во училиштето. По завршувањето на наставата, ги чистам училниците и потоа го заклучувам училиштето.

Ова барање го поднесувам, со цел, да ми се овозможи да потпишам работен договор со полно работно време, имајќи ги предвид активностите, кои ги извршувам на моето работно место.

Се надевам дека ова мое барање ќе биде разгледано од ваша страна и дека ќе добијам позитивен одговор во однос на истото.

**ДО ЈАВНА УСТАНОВА**

**МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР**

**ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**

**ШТИП**

# Б А Р А Њ Е

за остварување на право на еднократна парична помош или помош во натура

Од ________________________________ со ЕМБГ број _______________ со

стан на улица __________________________ број ______________________

во ______________ и лична карта број __________________________

издадена на ____________________ година од Управата на МВР

______________.

Барам да ми се додели право на еднократна парична помош или помош во натура.

Помошта ми е потребна за задоволување на следната потреба:

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Кон ова барање приложувам:

1. Доказ за личниот идентитет, државјански статус, местото на живеење, односно постојаниот или привремениот престој (уверение за државјанство, лична карта, извод од матична книга на родени, патна исправа или лична карта за странец, односно дозвола за постојан или привремен престој) – фотокопија:

   ____________________________________________________________________

2. Доказ за положбата од социјален ризик во која што се наоѓа лицето, односно семејството:

______________________________________________________________________

3. Доказ за семејно-материјалната состојба на семејството на подносителот на барањето:

______________________________________________________________________

4. Доказ за висината на потребната помош што се бара:

_________________________________________________________________

5. Друга документација со која се докажува основаноста на барањето:

_________________________________________________________________

Прилози: ____________________ Подносител: _________________

на _______________________ година

**Прилог 4**

*Вкупен број на ромско население на општинско ниво на територијата на Република Македонија*

**Табела 1: Општини во кои Ромите за застапени со повеќе од 1% во вкупното население**

| | **Општина** | **Вкупен број на население** | **Роми** | **% на Роми во вкупниот број на население** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Скопје | 506926 | 23475 | 4.63 |
| 2. | Берово | 13941 | 459 | 3.29 |
| 3. | Битола | 95385 | 2613 | 2.74 |
| 4. | Велес | 55108 | 800 | 1.45 |
| 5. | Виница | 19938 | 1230 | 6.17 |
| 6. | Гостивар | 81042 | 2237 | 2.76 |
| 7. | Градско | 3760 | 127 | 3.38 |
| 8. | Дебар | 19542 | 1080 | 5.53 |
| 9. | Делчево | 17505 | 651 | 3.72 |
| 10. | Дојран | 3426 | 59 | 1.72 |
| 11. | Зелениково | 4077 | 92 | 2.26 |
| 12. | Илинден | 15894 | 428 | 2.69 |
| 13. | Кавадарци | 38741 | 679 | 1.75 |
| 14. | Кичево | 30138 | 1630 | 5.41 |
| 15. | Кочани | 38092 | 1951 | 5.12 |
| 16. | Кратово | 10441 | 151 | 1.45 |
| 17. | Крива Паланка | 20820 | 668 | 3.21 |
| 18. | Куманово | 105484 | 4256 | 4.03 |
| 19. | Неготино | 19212 | 453 | 2.36 |
| 20. | Петровец | 8255 | 134 | 1.62 |
| 21. | Пехчево | 5517 | 390 | 7.07 |
| 22. | Прилеп | 76768 | 4433 | 5.77 |
| 23. | Радовиш | 28244 | 271 | 0.96 |
| 24. | Ранковце | 4144 | 57 | 1.38 |
| 25. | Ресен | 16825 | 184 | 1.09 |
| 26. | Тетово | 86580 | 2357 | 2.72 |
| 27. | Штип | 47796 | 2195 | 4.59 |

*Извор:* *Според податоците од Пописот спроведен во 2002 година. Извештај за Пописот од 2002 година, Државен завод за статистика на Република Македонија, страна 34-35.*

**Табела 2: Општини во кои Ромите за застапени со помалку од 1% во вкупното население**

| | Општина | Вкупен број на население | Роми | % на Роми во вкупниот број на население |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Богданци | 8707 | 1 | 0.01 |
| 2. | Боговиње | 28997 | 5 | 0.02 |
| 3. | Босилово | 14260 | 24 | 0.17 |
| 4. | Валандово | 11890 | 32 | 0.27 |
| 5. | Василево | 12122 | 5 | 0.04 |
| 6. | Гевгелија | 22988 | 13 | 0.06 |
| 7. | Демир Капија | 4545 | 16 | 0.35 |
| 8. | Демир Хисар | 9497 | 11 | 0.12 |
| 9. | Долнени | 13568 | 13 | 0.10 |
| 10. | Другово | 3249 | 1 | 0.03 |
| 11. | Јегуновце | 10790 | 41 | 0.38 |
| 12. | Карбинци | 4012 | 2 | 0.05 |
| 13. | Кривогаштани | 6150 | 8 | 0.13 |
| 14. | Маврово и Ростуше | 8618 | 10 | 0.12 |
| 15. | Македонска Каменица | 8110 | 14 | 0.17 |
| 16. | Македонски Брод | 7141 | 3 | 0.04 |
| 17. | Могила | 6710 | 6 | 0.09 |
| 18. | Ново Село | 11567 | 3 | 0.03 |
| 19. | Охрид | 55749 | 69 | 0.12 |
| 20. | Пробиштип | 16193 | 37 | 0.23 |
| 21. | Росоман | 4141 | 6 | 0.14 |
| 22. | Свети Николе | 18497 | 72 | 0.39 |
| 23. | Старо Нагоричане | 4840 | 1 | 0.02 |
| 24. | Струга | 63376 | 116 | 0.18 |
| 25. | Струмица | 54676 | 147 | 0.27 |
| 26. | Студеничани | 17246 | 73 | 0.42 |
| 27. | Теарце | 22454 | 67 | 0.30 |
| 28. | Чучер – Сандево | 8493 | 23 | 0.27 |

**Прилог 5**


## Здружение за правата на Ромите
## Штип, Република Македонија

ул. “Ванчо Прке” 62/3-2
2000 Штип, Република Македонија

Тел: 00 389 32 380 517
Факс: 00 389 32 391 517
E-mail: arrp@mt.net.mk
www.humanrightsofroma.20m.com


**М О Л Б А**

Од ______________________________________________ со стан на улица

“___________________________________ “ број _______________ во Штип

Телефонски број за контакт __________________________________________

Молам Здружението за правата на Ромите – Штип, преку својата правна канцеларија, да ми обезбеди правна помош во постапката за:

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Во прилог доставувам:

1. ______________________________________________________________

2. ______________________________________________________________

3. ______________________________________________________________

Датум: Молител

____________ _______________

Штип